# ПАТИШТА ДО ПРАВДАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Наоди, заклучоци и препораки од второто национално истражување за правните потреби и патиштата до правдата на лицата што живеат во Северна Македонија во 2022 година**



**Автори:**
**м-р Гоце Коцевски,**
**д-р Мартин Граматиков**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

Кофинансиран од
Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и
имплементиран од
Советот на Европа

# ПАТИШТА ДО ПРАВДАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Наоди, заклучоци и препораки од второто национално истражување за правните потреби и патиштата до правдата на лицата што живеат во Северна Македонија во 2022 година


**Автори:** м-р Гоце Коцевски,
д-р Мартин Граматиков



2023 година
Северна Македонија

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин„„© Советот на Европа, 2023".Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за програми за соработка, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00
Електронска пошта: Horizontal.Facility@coe.int.

© Совет на Европа, 2023. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Уредник: Ирена Цуцулоска Јакимовска
Лектура: Елеонора Попетревска
Дизајн и печатење: Датапонс
Слика од насловната страница: ShutterStock
Тираж: 150

CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

342.722(497.7)»2022»(047.31)
347.921.8(497.7)»2022»(047.31)

КОЦЕВСКИ, Гоце
Патишта до правдата во Северна Македонија : наоди, заклучоци и препораки од второто национално истражување за правните потреби и патиштата до правдата на лицата што живеат во Северна Македонија во 2022 година / Гоце Коцевски, Мартин Граматиков. - Скопје : програмска канцеларија на Советот на Европа, 2023. - 88 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 84. - За консолидиран и поефикасен систем за Бесплатна правна помош (БПП) во Северна

Македонија Финансиер: Европската унија и Советот на Европа.

ISBN 978-608-67051-0-7

1. Граматиков, Мартин [автор]

а) Пристап до правда -- Македонија -- 2022 -- Истражувања б) Правни потреби -- Правна помош -- Македонија -- 2022 – Истражувања

COBISS.MK-ID 60634885

# Содржина


**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** . . . . 4

**ВОВЕД** . . . . 8

За истражувањето на правните потреби . . . . 8

Предмет и опсег на истражувањето . . . . 10

Намена на истражувањето . . . . 10

Цели на истражувањето . . . . 11

Улогата на истражувањето на правните потреби во реформата на политиките . . . . 11

**МЕТОДОЛОГИЈА** . . . . 13

Дизајн на примерокот . . . . 13

Инструмент за собирање податоци . . . . 16

Фокус-групи . . . . 17

Преттестирање и анкетен тим . . . . 18

Анкета . . . . 18

Стапка на одзив . . . . 18

Собирање и обработка на податоци . . . . 19

Ограничувања на студијата . . . . 19

**Дел 1: РАСПРОСТРАНЕТОСТ И ВИДОВИ ПРОБЛЕМИ** . . . . 21

1.1 Распространетост на проблемите . . . . 21

1.2 Социодемографските карактеристики зад правните проблеми . . . . 24

1.3 Увид во видовите на пријавени проблеми . . . . 26

i. Права на потрошувачите . . . . 26

ii. Работни односи . . . . 27

iii. Имот (недвижен имот) . . . . 29

iv. Проблеми што ги засегаат потстанарите (закупците) . . . . 30

v. Проблеми што ги засегаат закуподавачите (сопствениците) . . . . 31

vi. Дискриминација . . . . 31

vii. Пари и долгови . . . . 33

viii. Социјална заштита и друга финансиска поддршка од државата . . . . 34

ix. Остварување други права преку јавната управа . . . . 36

x. Повреди и здравствени проблеми . . . . 37

xi. Брачни и други проблеми со партнерите . . . . 38

xii. Други семејни проблеми ....................39
xiii. Проблеми поврзани со децата ....................40
xiv. Закон и ред....................41
**Дел 2: ПАТИШТА ДО ПРАВДАТА – МНОШТВО ПАТЕКИ ....................43**
2.1 Општи информации за проблемите....................43
i. Спротивната страна....................44
ii. Статус на проблемот ....................44
iii. Ковид-19 и правните проблеми ....................45
2.2 Преглед на користените патеки до правдата....................47
i. Што прават луѓето кога се соочуваат со правен проблем? ....................47
ii. Дејства преземени за решавање на проблемите и различните видови правни проблеми ....................48
iii. Социодемографските карактеристики како детерминанти на однесувањата при барање решение....................49
iv. Барањето совет како пат до правдата....................49
2.3 Неактивност - непреземање мерки за решавање на правниот проблем....................51
i. Причини за неактивност....................51
ii. Социодемографски карактеристики и неактивност....................52
**Дел 3: РЕШЕНИЕ И ИСХОДИ ....................55**
3.1 Статус на проблемот....................55
3.2 Задоволство од исходот ....................56
**Дел 4: ВЛИЈАНИЕ НА ПРОБЛЕМОТ ....................59**
4.1 Стрес....................59
4.2 Финансиско оптоварување ....................61
4.3 Штета и загуби ....................62
**Дел 5: ОПШТИ СТАВОВИ И ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ ....................65**
5.1 Ставови и социодемографски карактеристики....................65
5.2 Мислења и искуство со правни проблеми....................67
5.3 Свесност (информираност) за Законот за бесплатна правна помош ....................69
**ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ....................74**
Користена литература ....................79

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## Распространетост и видови проблеми

66% од анкетираните испитаници изјавиле дека се соочиле со најмалку еден нетривијален правен проблем во последните три години. Податоците покажуваат зголемување во споредба со студијата од 2012 година, во која нешто помалку од половина од испитаниците (49%) изјавиле дека доживеале правен проблем. Најчесто се пријавуваат проблемите поврзани со правата на потрошувачите (20,11%), а потоа следуваат правните проблеми кои произлегуваат од повреди и здравствени проблеми (13,95%), долговите како и прашањата поврзани со работниот однос (и двата по 11,3%). Меѓу другите проблеми што често се пријавуваат се и дискриминацијата, пристапот до социјална помош, јавните услуги и имотните проблеми. Проблемите што поретко се пријавуваат се однесуваат на семејни спорови, проблеми со полицијата, како и правни проблеми поврзани со децата.

Податоците од истражувањето покажуваат дека социодемографските карактеристики играат улога во одредувањето на распространетоста на правните проблеми. Еден од факторите што влијае на пријавувањето на распространетоста на правните проблеми е возраста. Според податоците, веројатноста да се доживеат правни проблеми се намалува со возраста. Најчесто пријавиле правни проблеми испитаниците што се на возраст помеѓу 18 и 44 години, по што се забележува постојан пад. Три-четвртини од испитаниците во оваа возрасна група се изјасниле дека се соочиле со правен проблем. Меѓутоа, овој наод треба да се земе со одредена резерва. Помалата стапка на пријавување на проблемите меѓу постарите испитаници не мора да значи и реално помал процент на распространетост на проблемите. Постарите лица може да имаат потешкотии да препознаат дали се соочуваат со правен проблем, а може и да се колебаат околу тоа дали да го споделат проблемот во анкетно истражување.

Родот, до одреден степен, е скромен предвидувач на веројатноста дали ќе се доживее правен проблем, бидејќи 69% од испитаниците од машки пол пријавиле правни проблеми во споредба со 63% од оние од женски пол. Многу поважен фактор е дали испитаникот живее во урбано или рурално подрачје. Лицата што живеат во рурални подрачја имаат 13% процентни поени поголема веројатност да се соочат со правни проблеми во споредба со лицата од урбани подрачја. Етничкото потекло игра улога во распространетоста на правните проблеми. Испитаниците од албанската заедница пријавуваат поголем број правни проблеми во споредба со другите етнички заедници.

### Патишта до правдата

Повеќето луѓе од Северна Македонија преземаат нешто за да ги решат своите правни проблеми. И покрај тоа, може да се види дека 19% изјавиле оти не направиле ништо за да го решат својот проблем. Во убедливо најголема мера, најчесто користениот „пат до правдата" е да се контактира со другата страна во спорот или проблемот. 63% од испитаниците што имале проблем изјавиле дека оствариле контакт со другата страна за да се реши проблемот. Другите стратегии се користат значително поретко. Околу 20% побарале информации од лице во нивното опкружување (пријател или роднина), додека 11% побарале информации од адвокат. Изненадувачки низок процент - околу 9% од сите луѓе што имале проблем - рекоа дека пребарувале на интернет за информации по однос на прашањето.

Постојат значајни разлики во стратегиите што луѓето ги применуваат за да се справат со правните проблеми. Повеќе од 80% од тие што се соочиле со потрошувачки проблеми контактирале со другата страна; некои барале информации од пријателите и роднините, а некои претпочитале да останат пасивни. Малкумина се оние што го изнеле проблемот пред стручно лице или барале институционален пат до правдата. *Адвокатите почесто биле користени кога поединците решавале проблем поврзан со недвижен имот, повреди и долгови*. Постои поголема веројатност луѓето да не преземат ништо во ситуации на поплаки за јавни услуги, повреди и проблеми поврзани со здравјето. Помош од властите најчесто се барала кога лицата морале да се справат со проблеми со недвижнини или со проблеми со изнајмување.

### Причини за неактивност

За многумина од лицата што не презеле никакви мерки, на прашањето зошто не направиле ништо, најчестиот одговор е дека решавањето на проблемот би им одзело премногу време. Овие наоди бараат дополнително

истражување, но очигледно, за 37% од луѓето што не направиле ништо, клучната причина била тоа што не вределo да се преземе нешто за да се реши проблемот. Следната причина избрана од 34% од испитаниците - немало кој да им помогне во разрешувањето. Третата најчесто споменувана причина за непостапување е перцепцијата дека судскиот систем на Северна Македонија е неефикасен. Интересно е дека немањето доволно пари не е меѓу првите 3 причини за пасивност – 18% рекле дека не презеле ништо затоа што немале доволно пари.

### Исходи од проблемите

Исходите се однесуваат на прашањето дали проблемот е решен (без разлика дали е во корист или против испитаникот) или сѐ уште е во тек. 40% од пријавените проблеми се во тек, додека речиси 60% се завршени. Расчленети по вид на проблем, постојат значителни разлики помеѓу видовите проблеми и веројатноста тие да бидат завршени или да се во тек. Поголема е веројатноста да не се разрешат имотните и семејните спорови. Ова може да биде резултат на специфичната природа на овие проблеми, кои или бараат подолги судски постапки за нивно решавање или поради тоа што сложените лични односи го комплицираат нивното решавање. Користење правен совет, особено од адвокати, како и од други извори, може да доведе до поголеми шанси за решавање на проблемот. Од друга страна, најчесто користената стратегија (да се стапи во контакт со другата страна), дава најмала можност да доведе до разрешување на проблемот.

### Влијание на проблемот

Над 50% од испитаниците што изјавиле дека се соочиле со правен проблем одговориле дека проблемот предизвикал сериозен стрес кај нив. Според ова, најстресните правни проблеми што ги доживеале се брачните и партнерските спорови, дискриминацијата, проблемите поврзани со редот и законот, другите семејни проблеми и проблемите поврзани со долгови. Од друга страна, проблемите поврзани со правата на потрошувачите, иако најчести, не предизвикуваат многу стрес во споредба со другите правни проблеми. Најголемо негативно влијание врз финансиската состојба на испитаниците имаат проблемите поврзани со долгови. Елементот на штета го проценува степенот до кој проблемот влијаел врз животот на испитаникот. Проблемите и споровите поврзани со семејството повторно се на врвот како оние што најмногу го погодуваат секојдневниот живот на испитаниците.

Распространетоста на одредени проблеми во рамките на општото население

не кореспондира и со нивното влијание врз испитаниците. На пример, иако најчесто се присутни потрошувачките проблеми, тие имаат мало влијание врз испитаниците. Многу поголема е веројатноста семејните спорови и проблеми да имаат негативно влијание врз животот на луѓето. Неопходно е да постојат ефективни и достапни услуги за да се поведе сметка дека ваквите проблеми соодветно се разрешуваат. Сиромашното население е несразмерно понеповолно погодено од правните проблеми, што значи дека се неопходни политики за ефикасен пристап до правда за оние што живеат во сиромаштија.

## Општи ставови за правосудниот систем

Само 3,3% од испитаниците целосно се согласуваат со изјавата дека законите и правосудниот систем во Северна Македонија се праведни и правични. Речиси 70% од испитаниците имаат негативен став кон правосудниот систем. Но, и покрај ова, сепак, 1/3 од испитаниците ги сметаат судовите за важен механизам за обичните луѓе да ги остварат своите права. Големо мнозинство испитаници се согласија дека судскиот систем подобро функционира за богатите отколку за сиромашните и дека трошоците за остварување на правдата се многу високи и претставуваат голем товар. Доживувањето правни проблеми се чини дека е силен предвидувач за ставовите, при што кај лицата што доживеале правни проблеми постои поголема веројатност да имаат негативни чувства кон правосудниот систем воопшто во споредба со лицата што немале никакви правни проблеми.

## Свесност (информираност) за Законот за бесплатна правна помош

2/3 од испитаниците (65,6%) не се свесни за постоењето и за правата што Законот за бесплатна правна помош може да ги обезбеди и штити. Околу 21,5% од испитаниците се свесни дека постои таков закон иако не се запознаени со деталите, додека 10% од испитаниците се запознаени со условите и постапката. Овие наоди укажуваат на тоа дека е неопходно да се засилат напорите за промовирање на услугите што можат да се обезбедат во рамките на националниот систем за правна помош. Се забележува значително влијание на социодемографските карактеристики врз информираноста. Лицата со пониско образовно ниво, со ниски примања и кои живеат во рурални средини се помалку информирани за Законот во споредба со другите групи од населението.

# ВОВЕД

## За истражувањето на правните потреби

Овој извештај дава преглед на клучните наоди, заклучоци и препораки од второто национално истражување[1] на правните потреби[2] во Северна Македонија, спроведено на барање на програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје од агенцијата за истражување „Брима“. Извештајот и истражувањето се спроведени во рамките на проектот „Поддршка за подобрен пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија (2246 – HFII)“ спроведен од Советот на Европа и финансиран од Европската Унија и Советот на Европа.

Пристапот до правда[3] е од клучно значење за унапредување на благосостојбата на луѓето и за одржливиот развој. Делотворниот пристап до правда помага во решавањето на споровите кои се во сржта на животот на луѓето, ја унапредува одговорноста на органите на државата и влева доверба на луѓето и компаниите да можат да склучуваат и извршуваат договори. Важна компонента на пристапот до правдата е концептот (поимот) на правна потреба. Правна **потреба се јавува секогаш кога е неопходна правна поддршка[4] поради дефицит на правно знаење за соодветно да се третира правен проблем[5] заради негово решавање.**

[1] Анкетите за правни потреби (legal needs surveys) се специфична форма на анкетно истражување, кое го истражува искуството со соочување со правни проблеми од перспектива на оние што се соочуваат со нив, наместо низ призмата на професиите и институциите што можат да играат улога во нивното решавање. ОЕЦД/Фондации „Отворено општество“ (2019), Legal Needs Surveys and Access to Justice, OECD Publishing

[2] Правната потреба се јавува кога граѓаните (или бизнисите) бараат поддршка од правни служби за да ги решат проблемите што имаат правна димензија. Пратенс П. (2016) Legal Need' and Legal Needs Surveys: A Background Paper. Open Society Justice Initiative.

[3] Пристапот до правдата се однесува на способноста на луѓето да добијат правна разрешница на правните проблеми (проблем што покренува правни прашања) и да ги остварат своите права, во согласност со стандардите за човекови права.

[4] Најчестите проблеми се оние што се однесуваат на прашањата на потрошувачите, парите, соседите, семејните прашања, домувањето и земјиштето, вработувањето, правото на социјална помош и пристапот до јавните услуги.

5 Правните проблеми (justiciable problems) се дефинираат како проблеми што покренуваат правни прашања, без разлика дали оние што се соочуваат со нив го препознаваат тоа или не и без разлика дали се вклучени адвокати или се започнати правни процеси во која било акција преземена за нивно решавање. ОЕЦД/Фондации „Отворено општество“ (2019), Legal Needs Surveys and Access to Justice, OECD Publishing.

За да се процени до кој степен се задоволени правните потреби во едно општество, во текот на XX век беше разработено и применето како алатка истражувањето на правните потреби. Истражувањата за правни потреби го истражуваат искуството со правните проблеми од перспектива на оние што се соочуваат со нив, а не низ призмата на професиите и институциите што можат да играат улога во нивното решавање. На тој начин, истражувањата за правните потреби можат да го идентификуваат и истражат целиот опсег на одговори на проблемите и целиот опсег на извори на помош и достапни институции.

Истражувањата за правни потреби имаат долга историја. Анкетите од ваков тип се сè почети во последните децении и сега се релативно вообичаени низ целиот свет. Во текот на изминатите 25 години, беа спроведени повеќе од 55 големи (т.е. 1.000 испитаници или повеќе) самостојни национални истражувања за правните потреби на поединци во повеќе од 30 посебни јурисдикции.[6] Проектот „Светска правда“ (анг. World Justice Project) собира и презентира податоци за спроведените анкети за правни потреби[7].

Во 2019 година, ОЕЦД и Фондацијата „Отворено општество“ објавија Водич за анкети за правни потреби и пристап до правда (анг. Guide on Legal Needs Surveys and Access to Justice Guide). Водичот, изработен врз основа на искуството од 55 истражувања во 30 јурисдикции, дава рамка за разбирање и мерење на правните потреби, како и методолошки насоки и примери (урнеци) за прашања[8]. Покрај овој Водич, постои и обемна литература што ја проучува анкетата на правните потреби како инструмент со цел да послужи како ресурс за идните анкети.

Во 2012 година, Фондацијата „Отворено општество“ Македонија (ФООМ) го иницираше и финансиски го поддржа првото сеопфатно истражување (анкета) на правните потреби во земјата.[9] Истражувачкиот процес му беше доделен на НВО „Реактор“, чија специјализација се истражувањата, и која изработи методологија и ја спроведе анкетата на репрезентативен примерок од 2.858 испитаници. Проценката беше спроведена како анкета со квантитативно истражување преку методот на компјутерски-потпомогнато телефонско интервјуирање (CATI). Анкетата покажа дека половина од населението (49%) доживеало барем еден правен проблем.

[6] ОЕЦД и Фондации „Отворено општество“ (2019). Анкети за правни потреби и пристап до правда. стр. 24.
[7] За детална листа на сите јавно достапни анкети за правни потреби спроведени од 1991 година, видете го Проектот „Светска правда“ Атлас на анкетите за правни потреби – Интерактивна мапа.
[8] Прашањата-урнеци имаат цел да опфатат три основни компоненти на делотворниот (ефективен) пристап до правдата: 1. Природата и обемот на незадоволените правни и судски потреби; 2. Влијанието на незадоволените правни и судски потреби врз поединците, заедницата и државата; и 3. Како се користат конкретните модели на правна помош и решавање спорови за да се задоволат потребите.
[9] Коруновска Србијанко и сор. (2013). Правни потреби и патишта до правдата во Република Македонија. ФООМ.

Во 2018 година, во рамките на Националниот акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година, Владата се обврза да спроведе Национално истражување за правните потреби на граѓаните за да се осмисли план или стратегија за правно зајакнување во согласност со претходно добиените наоди.

## Предмет и опсег на истражувањето

Ова истражување за правните потреби ја испитува природата на правните проблеми со кои се соочуваат луѓето што живеат во Северна Македонија, патиштата до нивно решавање и демографските групи кои се особено подложни на правни проблеми. Студијата ја оценува:

1. Распространетоста (преваленцата)[10] на правни проблеми;
2. Природата на правните проблеми;
3. Стратегиите што се користат како одговор на правните проблеми;
4. Добиените совети за правните проблеми;
5. Решението на правните проблеми;
6. Исходот на правните проблеми;
7. Факторите што можат да влијаат на кое било од горенаведените околности.

Во врска со цел 7, се испитува влијанието на следните фактори: род, возраст, етничка припадност, образование, работен статус, место на живеење и приход, како и карактеристиките на правните проблеми (на пр. вид, зачестеност и тежина на проблемите).

## Намена на истражувањето

Главната **намена** на истражувањето е да обезбеди содржајни емпириски податоци засновани на докази и да обезбеди материјал за дебатите и процесите за креирање политики во врска со правораздавањето, обезбедувањето правна помош и целокупниот пристап до правосудниот систем во Северна Македонија. Со стекнување увид во перцепциите, ставовите и однесувањата на луѓето кога се соочуваат со одредени проблеми од правна природа, креаторите на политиките ќе можат да ги приспособат постојните или да воведат нови политики и закони што имаат цел да го подобрат севкупниот пристап до правдата во земјата.

[10] Распространетоста на проблемите ја одразува можноста македонските граѓани да бидат изложени на овие проблеми. На пример, најчестите проблеми се предизвикани од околностите што ги доживува најголемиот дел од возрасната популација, т.е. проблеми што можат да му се случат на речиси секој во Македонија.

Покрај тоа, имањето докази за искуствата на луѓето при решавање на правните проблеми ќе обезбеди единствен преглед на целокупното функционирање на правосудниот систем, неговата ефикасност и довербата што луѓето ја имаат во него. Наодите од анкетата можат да придонесат во креирањето политики во областа на судството, социјалната заштита, недискриминацијата и заштитата на потрошувачите. Дополнително, истражувањето ќе даде увид во влијанието на пандемијата на ковид-19 врз пристапот до правдата.

## Цели на истражувањето

**Целите** на оваа истражување на правните потреби се:

- Да се утврди распространетоста (преваленцата) и видовите правни проблеми меѓу населението;
- Да се мапираат моделите на однесување за решавање/барање разрешница на проблемите;
- Да се идентификуваат пречките во пристапот до правните услуги и процеси (на пр. лоша реализација на услугите; недостаток на достапна правна помош; институции кои не реагираат итн.);
- Да се обезбеди увид во нивоата на правно знаење (вклучувајќи го и правното разбирање, информираност за услугите, правна доверба, итн.);
- Да се проценат ставовите и довербата во правосудниот систем;

## Улогата на истражувањето на правните потреби во реформата на политиките

Како инструмент, истражувањата на правните потреби обезбедуваат уникатен сеопфатен преглед на правосудниот систем и искуствата на луѓето во решавањето на правните проблеми. Невозможно е да се постигне овој преглед со други средства и како такви, истражувањата за правни потреби обезбедуваат витални податоци за пристапот до правдата. Ваквите истражувања даваат емпириска основа за увид во тоа како се појавуваат правните прашања кај луѓето и како тие потоа влијаат врз многубројни развојни сектори.

Административните податоци (собрани од судовите, давателите на правни услуги, програмите за правна помош на граѓанското општество итн.) се од суштинско значење за изработка на програмите и нивна проценка. Сепак, тие не можат на креаторите на политиките да им ги дадат потребните информации за да се процени вистинскиот опсег на потребите, бидејќи не ги опфаќаат проблемите со кои странките се справуваат на неформален начин или ги игнорираат (проблеми за кои не се преземени конвенционални напори за решавање).

Истражувањата на правните потреби може да се користат **за да се идентификуваат областите за реформи во политиките**.[11] Мапирањето на незадоволените правни потреби, идентификувањето на конкретните правни проблеми и процената на влијанието што овие проблеми го имаат врз одредени групи би можеле да ги наведат креаторите на политиките да ги реформираат законите, институциите и практиките за да го олеснат решавањето на проблемите. Истражувањата би можеле да послужат и како механизам за следење на промените во искуствата и однесувањето, како и за мерење на влијанието на реформите во областите на правдата и пристапот до правдата. 55-те и повеќе национални истражувања на правните потреби, заедно со многуте други субнационални истражувања спроведени во текот на изминатите 25 години, ненаметливо придонесоа за„преобразба на начинот на размислување за правната помош и совет".[12]

Професорката Хејзел Ген (Hazel Genn), авторка на монументалното истражување „Патишта до правдата" во Обединетото Кралство, ја опишува таквата преобразба како процес од неколку различни фази. Во првата фаза наодите во врска со сеприсутноста на правните проблеми и релативно ретката употреба на формални правни системи водат кон „превртување" на фокусот на политиката [од] систем кон граѓанин", што доведува до политики и осмислување на услугите „насочени кон потребите и однесувањата, наместо тоа колку поволни се тие што ги финансираат или претпоставките за политиките".[13]

Испитаниците, исто така, ги идентификуваа клучните наоди од истражувањето за правни потреби што беа од инструментално значење во преформулирањето на политиките за пристап до правдата во поширока општествена и инструменталистичка смисла. Најчесто нагласени беа„наодите дека одредени групи [се] несразмерно изложени на поголема зачестеност на проблеми врз основа на нивните демографски карактеристики".[14]

Истражувањата за правните потреби ја даваат „големата слика" за напорите на луѓето да пристапат до правдата. Тие овозможуваат квантификација на искуствата со правните проблеми меѓу популациите, како и мапирање на

[11] ОЕЦД и Фондации„Отворено општество" (2019). Истражување за правни потреби и пристап до правда. стр. 24.
[12] Плисенс, П., НЈ Балмер и Р. Сандфур/Pleasence, P., NJ Balmer and RL Sandefur (2013a), „Патишта до правдата: минат, сегашен и иден патоказ", Фондација „Нуфилд", Лондон (Paths to Justice: A Past, Present and Future Roadmap, Nuffield Foundation)
[13] Ген, Х./Genn, H. (2017), „Пристап до правдата во 21 век", труд претставен на Преобликување на правдата: Клиентоцентрична реализација на услуги, Симпозиум за истражувања во технологијата и иновациите, 20 јуни 2017 година, Сиднеј.
[14] Плисенс, П., НЈ Балмер и Р. Сандфур/Pleasence, P., NJ Balmer and RL Sandefur (2013a), „Патишта до правдата: минат, сегашен и иден патоказ", Фондација „Нуфилд", Лондон (Paths to Justice: A Past, Present and Future Roadmap, Nuffield Foundation)

моделите на однесување за решавање на проблемите. Од перспектива на поединецот и заедницата, тие исто така можат да ги идентификуваат пречките во пристапот до правни услуги и процеси од типот на лошата реализација на услуги. Покрај тоа, обезбедуваат увид во нивоата на правна способност (вклучувајќи го правното разбирање, информираноста за услугите, правната сигурност, итн.), ставовите кон и довербата во правосудниот систем и врската на правните проблеми со пошироките социјални и економски проблеми.



# МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата користена во оваа анкета го следеше пристапот на **правен проблем**[15], веќе добро осмислен, проучен и спроведен во над 50 јурисдикции[16]. Примерокот беше земен од **општата возрасна популација** во Северна Македонија. Консултантите на Советот на Европа ги изготвија рамката за истражувањето и инструментот за анкетата (прашалникот). Разработката на примерокот, собирањето податоци (теренската работа) и првичната обработка на податоците ги изврши „Брима". Анкетата беше спроведена со помош на компјутерски потпомогнато телефонско интервјуирање (CATI). Мерната единица беше поединецот, а не домаќинството.

Референтниот период („временската рамка во која од испитаниците се бара да се изјаснат") за оваа анкета беше три години. Собирањето податоци се одвиваше во две фази. Во првата фаза (**Скрининг-анкета),** тимот имаше цел да ја процени распространетоста (преваленцата) на правните проблеми, нивните видови и зачестеност и да ја идентификува перцепцијата на испитаниците за правниот систем воопшто. Скрининг-анкетата беше направена на репрезентативен случаен примерок од **2.800 испитаници**. Втората фаза **(Детално интервју)** беше спроведена со испитаници што изјавиле дека имале правни проблеми во изминатите три години и кои се согласиле да бидат интервјуирани. Целта на интервјуто беше да се идентификуваат ставовите на лицата погодени од правните проблеми, дејствата што ги презеле, причините за неактивност, исходот и влијанието на проблемот. Деталното интервју е направено со примерок од **1.627 испитаници**.

[15] Проблеми што покренуваат правни прашања, без разлика дали се препознаени од оние што се соочуваат со нив или не, и дали се применети правни застапници или правни процеси во какви било активности преземени за справување со проблемот.

[16] GENN & PATERSON, Paths to Justice Scotland. What People in Scotland Do and Think About Going to Law; PASCOE PLEASENCE, et al., Causes of Action: Civil Law and Social Justice.
GENN & PATERSON, „Патишта до правдата" Шкотска. Што прават и размислуваат луѓето во Шкотска за да одат на закон; PASCOE PLEASENCE, et al., Причини за акција: Граѓанско право и социјална правда.

## Дизајн на примерокот

Истражувањето беше спроведено на повеќестепен стратификуван случаен примерок, репрезентативен за општата возрасна популација во Северна Македонија. Иако анкетите за правни потреби може да бидат насочени и само кон поединци и семејства со ниски приходи[17] или млади лица[18], постојат неколку важни аргументи во корист на општата возрасна популација. Првата студија во 2012 година беше направена на примерок од општата возрасна популација за да се овозможи споредба на резултатите помеѓу двете истражувања. Втората причина е потребата да се обезбеди поширок приказ на правните потреби во земјата, не само на населението со ниски приходи, со цел да се има поголемо разбирање за тоа како се решаваат правните проблеми и како тие влијаат врз животите на луѓе од сите општествени слоеви. Искуствата на ранливите популации се почесто одделно истражувани со користење други методи освен анкети. На пример, искуствата на постарите луѓе, бездомниците, лицата со ментална болест и затворениците во Австралија се истражени преку квалитативни истражувачки проекти[19].

Примерокот е дизајниран со користење податоци од најновиот попис (2021). **Испитаниците беа извлечени од базата на податоци на „Брима" составена од над 10.000 телефонски броеви и од телефонскиот именик (за фиксни телефони)**. Основата беше пондерирана за да се балансира статистичката грешка на примерокот. Факторите што се користеа за пондерирање беа:

- **Региони:** Осум статистички региони;
- **Етничка припадност:** Според податоците од пописот од 2021 година, населението е групирано во две групи (македонско и друго и албанско);
- **Пол:** Машки или женски;
- **Возраст:** Шест возрасни групи;
- **Место на живеење:** Урбани или рурални;
- **Образование:** Три категории – 1 = Нема или има основно образование, 2 = средно образование и 3 = Универзитетско образование или повисоко.

Пондерирањето беше направено со помош на специјална софтверска алатка (Random Iterative Method). По мерењето, генериран е следниот примерок.

***Табела 1: Дизајн на примерок***

[17] Reese, R.W. and C.A. Eldred (1994), Findings of the Comprehensive Legal Needs Study, American Bar Association, Chicago. Reese, RW и CA Eldred (1994), Наоди од сеопфатната студија за правни потреби, Американска адвокатска асоцијација, Чикаго.

[18] Анкетата за потребите за правно зајакнување на Молдавија во 2016 година беше на млади луѓе, на возраст од 14 до 23 години.

[19] ОЕЦД и Фондации „Отворено општество" (2019). Истражувања за правни потреби и пристап до правда. стр. 39.

| Пондерирана основа (18+) | | Етничка припадност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонски и други | | Албански | | Вкупно | |
| | | Урбани | Рурални | Урбани | Рурални | Урбани | Рурални |
| | | бр. | бр. | бр. | бр. | бр. | бр. |
| Регион | 1. Вардарски | 163 | 53 | / | / | 163 | 53 |
| | 2. Источен | 168 | 71 | / | / | 168 | 71 |
| | 3. Југозападен | 88 | 94 | 52 | 40 | 139 | 134 |
| | 4. Југоисточен | 109 | 122 | / | / | 109 | 122 |
| | 5. Пелагониски | 215 | 96 | / | 19 | 215 | 115 |
| | 6. Полошки | 46 | 70 | 107 | 150 | 153 | 221 |
| | 7.Североисточен | 114 | 49 | 28 | 41 | 142 | 90 |
| | 8. Скопски | 528 | 132 | 129 | 116 | 658 | 248 |
| | **Вкупно:** | **1431** | **688** | **315** | **365** | **1746** | **1054** |

Пондерирањето овозможи примерокот да биде репрезентативен за популацијата, како што може да се види со анализа на процентот на различни социодемографски карактеристики во примерокот.

***Табела 2: Социодемографски карактеристики на примерокот***

| Категорија | Зачестеност | Процент | Категорија | Зачестеност | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| **Род** | | | **Регион** | | |
| Машки | 1375 | 49.1 | Вардарски | 216 | 7.7 |
| Женски | 1425 | 50,9 | Источен | 239 | 8.6 |
| **Етничка припадност** | | | Југозападен | 274 | 9.8 |
| Македонци | 1941 | 69.3 | Југоисточен | 230 | 8.2 |
| Албанци | 680 | 24.3 | Пелагониски | 330 | 11.8 |
| Турци | 57 | 2.0 | Полошки | 374 | 13.4 |
| Роми | 55 | 2.0 | Североисточен | 232 | 8.3 |
| Срби | 17 | .6 | Скопски | 906 | 32.3 |
| Власи | 4 | .1 | **Образование** | | |
| Бошњаци | 14 | .5 | Основно | 969 | 34.6 |
| Друго | 32 | 1.1 | Средно | 1259 | 45,0 |
| **Возрасна група** | | | Високо | 263 | 9.4 |
| 18-24 | 286 | 10.2 | Додипломски | 266 | 9.5 |
| 25-34 | 458 | 16.3 | Постдипломски | 42 | 1.5 |
| 35-44 | 489 | 17.4 | **Приходи (во МКД)** | | |
| 45-54 | 482 | 17.2 | Под 10.000 | 120 | 4.3 |
| 55-64 | 483 | 17.3 | 10.001-20.000 | 549 | 19.6 |
| 65+ | 603 | 21.5 | 20.001-30.000 | 536 | 19.1 |

| Место на живеење | | | 30.001-40.000 | 448 | 16.0 |
|---|---|---|---|---|---|
| Урбано | 1746 | 62.4 | 40.001-50.000 | 363 | 13.0 |
| Рурално | 1054 | 37.6 | 50.001-60.000 | 218 | 7.8 |
| | | | Над 60,11 ден | 161 | 5.8 |
| | | | Нема одговор | 183 | 6.5 |
| | | | Не знае | 221 | 7.9 |

## Инструмент за собирање податоци

Прашалникот користен во оваа студија во голема мера се заснова на прашалникот дизајниран од Хејзел Ген во нејзиното монументално дело „Патишта до правдата“[20]. Прашалникот се состоеше од седум дела. Првите три (социодемографија, скрининг-прашалник и општи перцепции и ставови беа дел од првата фаза од интервјуто, додека следните четири дела (патишта до правдата, непреземени дејства, исход и влијание на проблемот) беа дел од втората фаза. Прашалникот беше составен од прашања од затворен тип (да/не) и во помал степен прашања за рангирање и Ликертова скала. Тоа овозможи собирање на 480 различни варијабли. Должината на прашалникот беше 6.600 збора, слично на средната должина на други прашалници за правните потреби користен при анкетирање.[21]

Прашалникот за скрининг собра информации за следниве видови проблеми:

- Права на потрошувачите
- Вработување
- Имот (недвижен имот)
- Проблеми поврзани со закуподавачите (сопствениците)
- Проблеми поврзани со потстанарите
- Дискриминација
- Пари и долгови
- Социјална заштита и други владини трансфери
- Остварување други права во управна постапка
- Брачни и партнерски спорови
- Друг проблем поврзан со семејството
- Проблеми поврзани со децата
- Повреда и здравје
- Закон и ред

[20] Ген, Х. Национален центар за социјални истражувања. Hart Publishing, 1999 година.
[21] ОЕЦД и Фондации „Отворено општество“ (2019). Анкети за правни потреби и пристап до правда. стр. 40.

За секоја категорија беше изготвен список со конкретни проблеми што требаше да им се прочитаат на испитаниците. Испитаникот можеше да одговори со „да“ или „не“ врз основа на тоа дали се соочил со тој одреден проблем во последните три години. Ако одговорот беше да, требаше да го наведе приближното време (месец и година) кога започнал проблемот и да каже колку често се соочил со проблемот: еднаш, двапати или почесто.

Прашалникот ги **исклучи следниве видови проблеми**:

- „Тривијални“ проблеми[22] (проблеми што не се сметаат за доволно сериозни);
- Проблеми што ги доживуваат испитаниците, но се поврзани со нивните компании[23];
- Проблеми што ги доживуваат членовите на семејството, со исклучок на проблемите поврзани со имотот.[24]

Консултантите на Советот на Европа првично ја подготвија содржината на прашалникот. Беа воведени прашања за влијанието на пандемијата на ковид-19, како и Законот за бесплатна правна помош од 2019 година. Прашалникот беше напишан во софтверот NIPO CAPI/ TAPI, кој го користи „Брима“, на македонски и албански јазик.

## Фокус-групи

За дополнително да се тестираат јазикот и формулацијата на правните проблеми и другите прашања, истражувачкиот тим организира две фокус-групи, едната со адвокати, другата со припадници на општата популација. Со тоа се обезбеди валидно прилагодување на прашалникот на македонски и на албански јазик. И двете фокус-групи беа спроведени на 17 август 2022 година во онлајн-формат. Во првата-фокус група имаше пет учесници, адвокати, кои даваат примарна правна помош во овластени здруженија, додека во втората група имаше четворица припадници на општата популација. Сесиите траеја

[22] При дизајнирањето на методолошкиот пристап, авторите воведоа „праг на тривијалност“ т.е. од испитаниците беше побарано да ги пријават само проблемите што беа тешко да се решат во согласност со нивното сопствено субјективно разбирање. Авторите ги признаваат ограничувањата на овој пристап како што е опишано во литературата (Види: Pleasence, P., NJ Balmer and RL Sandefur (2016), „Јаболка и портокали: меѓународна споредба на искуството на јавноста за правните проблеми и методолошките прашања кои влијаат на компаративна студија“, Journal of Empirical Legal Studies, Vol. 13(1), стр. 50-93.) сепак методот на собирање податоци (CATI) не беше соодветен за користење други методи за филтрирање „тривијални“ проблеми.

[23] Значењето на проблемите поврзани со бизнисот во животот на луѓето поставува методолошки предизвици за да се осигури дека природата на универзумот на проблеми забележани со анкети е различна и дефинирана. Разграничувањето на бизнисот од личните проблеми обезбедува концептуална кохерентност, поголема флексибилност во однос на анализата и ја олеснува споредбата на наодите од истражувањето.

[24] Генерално се претпочитаат анкети на поединци во истражувања на на правни потреби. Не се споделени сите проблеми во домаќинствата. Некои проблеми се помеѓу членовите на домаќинството (покренуваат пречки и за фактот и за природата на известувањето), а поединечните испитаници може да не се свесни или да имаат лажен впечаток за проблемите на друго место во домаќинството (особено кога деталите намерно се кријат).

60 минути и беа модерирани од членовите на истражувачкиот тим. Сите дискусии беа снимени. Главната цел на фокус-групите беше да се тестира колку се јасни избраните категории на проблеми.

## Преттестирање и анкетен тим

Анкетата ја изврши тимот на „Брима", составен од 13 искусни анкетари надгледувани од двајца претпоставени и еден раководител на мрежата на анкетари. Пред почетокот на истражувањето беше организиран воведен брифинг, на кој присуствуваа консултантите на Советот на Европа. Анкетарите го вежбаа прашалникот три дена. Исто така, беше спроведена работилница за општиот пристап за подобрување на стапката на одзив.

## Анкета

Теренската работа се изврши од 21 август 2022 година до 19 октомври 2022 година. 70% од примерокот беа извлечени од мобилни телефони, додека 30% беа од фиксни поради малата покриеност со фиксни телефони. Во случај на повик на мобилен телефон, испитаникот беше директно интервјуиран (со можност за најмногу до три обиди). Во случаите кога не беше воспоставен контакт, испитаникот беше заменет со друг испитаник. Во случај на повик на фиксен телефон, изборот на испитаникот беше направен по принципот „прв следен роденден" во домаќинството на возрасни членови. Доколку не беше остварен контактот по три обиди/презакажување, беше повикан друг испитаник. **Просечното времетраење на анкетата беше од 25 (за фазата на скрининг) до 45 минути за целосното интервју**.

Супервизорите извршија директна контрола на околу десет првични анкети од секој анкетар (беа присутни на директните анкети) за да проверат како ги презентираат информациите, текот на анкетата, однесувањето на анкетарите итн. Покрај тоа, периодично, супервизорот беше присутен во центарот на „Брима" за да ја следи анкетата. За контрола на квалитетот, испитаниците беа периодично контактирани по телефон и запрашани колку се задоволни од анкетата и дали имаат забелешки (поплаки/пофалби) за анкетарот. Таков преглед е направен на околу 5% од вкупниот примерок.

## Стапка на одзив

Стапката на одзив беше пресметана како дел од сите спроведени ефективни интервјуа и лицата што ги исполнуваат условите. Стапката на одговор во фазата на скрининг беше 90,5%.

**Табела 3: Стапка на одговор на анкетата**

| | Зачестеност | % |
|---|---|---|
| **Завршени интервјуа** | **2800** | **69.6** |
| Одбивање од страна на испитаникот | 242 | 6.0 |
| Надвор од целната група | 72 | 1.8 |
| Закажување интервју (прв обид) | 363 | 9.0 |
| Закажување интервју (втор обид) | 48 | 1.2 |
| Нереализирана анкета по трет контакт (трет обид) | 9 | .2 |
| Нема одговор (прв обид) | 220 | 5.5 |
| Нема одговор (втор обид) | 54 | 1.3 |
| Нема одговор (трет обид) | 10 | .2 |
| Престанок од страна на испитаникот за време на интервјуто | 12 | .3 |
| Телефонскиот број не постои; сигнал за факс; број на компанија | 175 | 4.3 |
| Телефонскиот број е привремено исклучен | 18 | .4 |
| **Вкупно** | **4023** | **100%** |

Пресметка на стапката на одзив

- Стапка на одзив (СО/RR) = (**Завршени интервјуа**) / (**Сите подобни испитаници**)
- Стапка на одзив (СО/RR) = (**Завршени интервјуа**) / (**Завршени интервјуа** + одбивања + нереализирана анкета по трет контакт + без одговор по 3 обид) + Престанок од страна на испитаникот + телефонскиот број е привремено исклучен)
- Стапка на одговор (СО/RR) = 2800/ (2800 +242 + 9 + 10 + 12 + 18) = 2800/ 3091 = 0,905
- **Стапка на одговор (СО/RR)**= 90,5%

Во втората фаза од интервјуто, од вкупниот број од 1.817 испитаници што пријавиле дека имаат правен проблем (подобни испитаници), 1.627 испитаници се согласиле да продолжат со интервјуто, што изнесува 89,5% стапка на одговор.

## Собирање и обработка на податоци

Се користеше програмата SPSS, а базата на податоци беше целосно означена на англиски јазик. Дополнително, прашања од отворен тип беа категоризирани (групирани) во соодветни шифри (исто така означени). Генерирани се неколку „синтетички променливи“ за да помогнат во анализата.

## Ограничувања на студијата

Иако анкетите за правни потреби даваат уникатен преглед на искуството со правни проблеми меѓу населението, сепак, имаат ограничувања. Тие ги дополнуваат и контекстуализираат, наместо да ги заменуваат, другите основни извори на податоци за правдата (на пр. административни податоци; анкети за задоволство; анкети за виктимизација итн.). Горенаведените ограничувања не ја намалуваат основната корист на анкетите за правни потреби, ниту го поткопуваат фактот дека анкетите за правни потреби се флексибилни алатки. Анкетите може да се користат во рамките на различно замислени рамки на истражување и заедно со други форми на собирање податоци како дел од „триангулиран“ истражувачки дизајн, во кој се користат повеќе методи за да се добие „подетална и поизбалансирана слика за состојбата“.[25]

Бидејќи се работи за анкета на општата популација, не е соодветно да се прибираат детали за ретките услуги или процеси што се користат, бидејќи овие истражувања неефикасно опфаќаат податоци за појавите што ги доживуваат само мал дел од испитаниците. Дополнително, во рамката на примерокот на истражувањето недостасуваат делови од населението (на пр. осуденици, Роми, лица кои не живеат на едно место, лица кои живеат во привремено сместување, луѓе во центри за миграција, бездомници на улица и лица без пристап до телефон). Некои од овие групи се меѓу најмаргинализираните и најранливите групи во општеството.

Оваа анкета, исто така, не е погодна за мерење на искуствата на одделни ранливи популации (на пр. жртви на семејно и родово насилство, сексуални работници, корисници на droги итн.), кои би требало почесто да се истражуваат одделно со користење на други методи, а не на анкети. Иако анкетата содржеше прашања за тоа дали испитаникот бил жртва на некои дејствија (т.е. кривични дела и поконкретно семејно насилство или нарушување на приватноста), сепак може да постои двоумење при одговарање на такви чувствителни и приватни прашања преку телефон. Овој тип прашања поадекватно се истражуваат преку анкети за виктимизација.

[25] Алтрихтер, Х., А. Фелдман, П. Пош и Б. Сомек/Altrichter, H., A. Feldman, P. Posch and B. Somekh (2008), „Наставниците ја истражуваат својата работа; Вовед во акциското истражување ширум професиите"/Teachers Investigate their Work; An Introduction to Action Research Across the Professions), (2008), второ издание, Роутлеџ, Лондон/2nd edition, Routledge, London

# Дел 1: РАСПРОСТРАНЕТОСТ И ВИДОВИ ПРОБЛЕМИ

## 1.1 Распространетост на проблемите

***66% од анкетираните испитаници изјавиле дека искусиле барем еден нетривијален правен проблем во последните три години.***[26] Податоците од истражувањето покажаа зголемување во споредба со студијата од 2012 година, кога нешто помалку од половина од испитаниците (49%) изјавиле дека доживеале правен проблем.[27] Најчесто пријавени беа проблеми поврзани со **правата на потрошувачите** (20,11%), а потоа следуваат правни проблеми предизвикани од повреди и други здравствени проблеми (13,95%). Правните проблеми поврзани со долговите и работните односи беа подеднакво застапени (и двете со по 11,3%). Други најчесто пријавени проблеми беа оние поврзани со дискриминацијата, пристап до социјалната заштита, остварување други права во управни постапки (јавни услуги) и заштита на имотот. Поретко пријавените проблеми се однесуваа на семејните спорови, редот и законот, како и правните проблеми поврзани со децата.

[26] Според извештајот на ОЕЦД „Истражувања на правните потреби и пристапот до правдата", и покрај значителните разлики во дизајнот на истражувањата за правни потреби, се дојде до конзистентна „голема слика" во различните национални контексти. Најниската проценка од анкетите беше дека 10% од полнолетните лица доживеале еден или повеќе проблеми во период од две години (анкета во Колумбија 2016 година), додека највисоката е дека 90% од полнолетните лица имале проблеми во период од четири години (анкета во Уганда 2015 година). Најчесто, проценките паѓаа во опсег од 30% до 60% во период од три или четири години.

[27] Коруновска Србјанко, Ј. Коруновска, Н. Малеска, Т. Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија. Фондација „Отворено општество" – Македонија. Скопје, 2013. стр. 37.

**Табела 4: Распределба на пријавените правни проблеми**

| Категорија на проблеми | Број на проблеми во базата на податоци[28] | % од проблемите | Проектиран број на проблеми секоја година[29] |
|---|---|---|---|
| Права на потрошувачите | 1683 | 20,11% | 369.318 |
| Повреди и здравствени проблеми | 1168 | 13,95% | 256.306 |
| Долгови | 950 | 11,35% | 208.468 |
| Работни односи | 948 | 11,33% | 208.029 |
| Дискриминација | 798 | 9,53% | 175.113 |
| Пристап до социјална заштита | 775 | 9,26% | 170.066 |
| Јавни услуги | 551 | 6,58% | 120.911 |
| Проблеми со недвижен имот | 518 | 6,19% | 113.670 |
| Закон и ред | 428 | 5,11% | 93.920 |
| Проблеми на закупци | 174 | 2,08% | 38.183 |
| Други семејни проблеми | 162 | 1,94% | 35.549 |
| Проблеми со децата | 86 | 1,03% | 18.872 |
| Брачни проблеми | 85 | 1,02% | 18.652 |
| Проблеми на закуподавци | 44 | 0,53% | 9.655 |

Стапката на појавување (инциденцата) на проблемите ја одразува можноста македонските граѓани да бидат изложени на вакви проблеми. На пример, најчестите проблеми се предизвикани од околностите што ги доживува најголемиот дел од полнолетното население, т.е. проблеми што можат да му се случат на речиси секој во Македонија. Анализирањето на податоците по испитаник[30], не по проблем, ни дава сличен заклучок за најчестите правни прашања што го засегаат населението. Зачестеноста на појавата на различните видови проблеми останува слична. Правата на потрошувачите, по што следуваат прашањата поврзани со парите и долговите, како и дискриминацијата, се клучни проблеми што ги засегаат индивидуалните испитаници. Оваа анализа дава и увид во зачестеноста на конкретните проблеми во одредена група. На пример, иако проблемите поврзани со изнајмувањето имот можеби не се многу забележливи кај општата популација, очигледно ја погодуваат конкретната група која е засегната.

[28] Забелешка: Бројот на проблемот не треба да се помеша со бројот на испитаници. Испитаниците можеби пријавиле повеќе од еден правен проблем.
[29] Проценка на бројот на нетривијални проблеми со кои се соочува населението во Северна Македонија пресметана врз основа на резидентното население пресметано во пописот во 2021 година.
[30] Испитаникот може да не пријави никаков проблем или може да пријави повеќе од еден проблем.

**Табела 5: Распространетост на проблемите по испитаник**

| Видови проблеми | # на подобни испитаници | % од подобните испитаници | # на лица кои пријавиле барем еден проблем | % на испитаниците кои пријавиле барем еден проблем во рамките на подобната група | % на испитаниците кои пријавиле барем еден проблем во целиот примерок |
|---|---|---|---|---|---|
| Права на потрошувачите | 2.800 | 100,00% | 788 | 28,14% | 28,14% |
| Работни односи | 1.317 | 47,04% | 373 | 28,32% | 13,32% |
| Имотни права | 1.289 | 46,04% | 244 | 18,93% | 8,71% |
| Права на закуподавци | 78 | 2,79% | 23 | 29,49% | 0,82% |
| Права на закупци | 103 | 3,68% | 57 | 55,34% | 2,04% |
| Дискриминација | 2.800 | 100,00% | 315 | 11,25% | 11,25% |
| Пари и долгови | 2.800 | 100,00% | 466 | 16,64% | 16,64% |
| Социјална заштита и други трансфери | 2.800 | 100,00% | 499 | 17,82% | 17,82% |
| Остварување права пред државни институции | 2.800 | 100,00% | 385 | 13,75% | 13,75% |
| Брачни и партнерски спорови | 1.493 | 53,32% | 36 | 2,41% | 1,29% |
| Други семејни работи | 2.800 | 100,00% | 147 | 5,25% | 5,25% |
| Прашања поврзани со децата | 762 | 27,21% | 30 | 3,94% | 1,07% |
| Повреда и здравје | 2.800 | 100,00% | 617 | 22,04% | 22,04% |
| Закон и ред | 2.800 | 100,00% | 268 | 9,57% | 9,57% |

Сепак, треба да се забележи дека некои проблеми може да бидат недоволно пријавени бидејќи испитаниците не сакаат да откриваат детали. Ова може да се однесува за проблеми со партнерите, семејното насилство или обвиненијата за кривични дела.

Просечниот број на правни проблеми со доживеани по лице во период од 3 години е 3,3 – 1848 лица пријавиле вкупно 6098 проблеми. Пософистицирано и попрецизно пресметување на правните проблеми е да се сумираат сите пријавени проблеми. На пример, ако испитаник пријавил дека трипати го имал проблемот „Спорни каматни стапки“ (индивидуален проблем од категоријата „Долг“) во горенаведената пресметка, ќе се пресмета само 1 проблем, бидејќи е од ист тип. Во оваа пресметка, испитаникот ќе се брои 3 пати. Друга забелешка е дека во податочниот збир имало неколку нетипични вредности, додека испитаниците пријавиле многу случаи на индивидуални проблеми – т.е. 50, 70, 90 итн. За да се разреши тој проблем, претпоставивме дека таквите

случаи ги означуваат повеќекратните искуства со истиот проблем. Затоа, ја ограничивме вредноста на 10 (т.е. доколку се пријават 50 искуства, вредноста се заменува со 10.). По оваа пресметка, откривме дека лицата што пријавиле еден или повеќе правни проблеми во Северна Македонија се соочиле во просек со 4,6 проблеми. 1848 лица пријавиле вкупно 8370 проблеми (кога се брои и зачестеноста на проблемите).

Што значи ова за полнолетното (примерокот се состои од 18+) население? Вкупниот број на населението на Северна Македонија е 1.836.713 заклучно со 2021 година. Делот од 0 до 19 години е 22,6%. Со одредена непрецизност (податоците од Пописот се за 0-19, додека анкетата ги исклучува лицата 0-18 лица), можеме да кажеме дека полнолетната популација е околу 77,38% од вкупното население или некоја приближна вредност. Вкупното полнолетно население е приближно: 1.420.000[31] поединци. На секои три години 66% од населението се соочува со еден или повеќе проблеми. Тоа значи дека 940.000 лица се соочуваат со правни проблеми на секои три години. На секои три години 940.000 поединци се соочуваат со 4.300.000 правни проблеми (938.024 * 4.61). Едноставна годишна пресметка води до заклучок дека секоја година има околу 300.000 физички лица што наидуваат на правни проблеми. Друго дополнување на ова е што секоја година овие 300.000 физички лица треба да се справат со 1.450.000 правни проблеми. Со оваа анкета, гледаме приближно колку од овие проблеми наоѓаат разрешница и оттука колкава е судската празнина во Северна Македонија.

## 1.2 Социодемографските карактеристики зад правните проблеми

Една од целите на истражувањето е да се погледне како правните проблеми се распределени меѓу различните социодемографски групи. Правните проблеми не се случајно распределени меѓу популациите. Конкретните проблеми се поврзуваат со конкретни општествени групи или фази од животот. Според некои автори, „социоекономските неприлики се клучни" за општественото образување на проблемите.[32] Анкетите постојано покажуваат поврзаност помеѓу ранливоста и искусувањето правен проблем.[33]

Податоците од истражувањето покажуваат дека социодемографските карактеристики играат улога во одредувањето на распространетоста на правните проблеми. Еден од факторите што влијаат на распространетоста на

[31] Проектираните броеви во овој дел се заокружени за полесно да се читаат и разберат, а исто така за да се избегне впечатокот дека генерализациите се исклучително прецизни.
[32] Кумарелос, Ц., Д. , Сиднеј.
[33] ОЕЦД и Фондации „Отворено општество" (2019). Анкети за правни потреби и пристап до правда. стр. 31.

правните проблеми е возраста. Веројатноста да се доживее правен проблем се намалува со возраста. Групите што најмногу пријавиле правни проблеми се на возраст помеѓу 18 и 44 години, по што доаѓа до постојан пад. Три четвртини од испитаниците во оваа возрасна група изјавиле дека имаат правен проблем. Меѓутоа, тоа дали намалувањето на стапките на пријавување на проблеми кај постарите испитаници, всушност, го одразува падот на распространетоста на проблемите е сепак под знак прашалник. На постарите лица може да им е потешко да препознаат дали се соочуваат со правен проблем, а може и да немаат желба да го споделат тоа во анкета.

**Слика 1: Распространетост на правните проблеми меѓу различните возрасни групи**




Родот е до одреден степен скромен предвидувач за веројатноста да се искуси правен проблем, бидејќи 69% од испитаниците од машки пол пријавиле правни проблеми во споредба со 63% од женските испитаници. Многу поважен фактор е дали поединецот живее во урбано или рурално подрачје. Лицата што живеат во рурални подрачја имаат за 13 процентни поени поголеми шанси да доживеат правни проблеми во споредба со оние во урбани подрачја.

**Слика 2: Распространетост на правните проблеми и местото на живеење**




Етничкото потекло игра улога во распространетоста на правните проблеми. Испитаниците од албанската заедница пријавуваат поголем број правни проблеми во споредба со другите етнички заедници.

**Слика 3: Распространетост на правни проблеми и припадност кон етничка група**




## 1.3 Увид во видовите на пријавени проблеми

### i. Права на потрошувачите

Правните проблеми поврзани со правата на потрошувачите беа најчестите проблеми пријавени во податочниот збир, при што 28,14% од сите испитаници пријавиле дека доживеале барем еден таков проблем. Во однос на видовите проблеми, мнозинството (47,33%) пријавиле проблеми со купените стоки

или услуги (т.е. измама на потрошувачите; неисправни производи; лажна гаранција или услуга со слаб квалитет итн.), по што следуваат проблеми со безбедноста на производот и случаи кога продавачот не го поправил, заменил или вратил производот (29,89%). Може да се забележат и проблемите како потпишување договор без да се разбере, неможноста да се раскине договор во случај на предомислување или навлегување во сериозен спор околу тоа што се бара со договорот (15,99%).

Другите проблеми поврзани со потрошувачите се присутни со помал процент (7,4%). 0,9% од испитаниците што пријавиле проблеми на потрошувачите се соочиле со проблеми со онлајн-купувањето и испораката на стоки и услуги (т.е. недоставен или погрешен производ итн.).

**Слика 4: Зачестеност на проблеми поврзани со потрошувачите (База = 1,683)**




Возраста игра улога во одредувањето на тоа колку веројатно е лицето да се соочи со проблеми поврзани со правата на потрошувачите. Кај испитаниците на возраст над 65 години постои поголема веројатност да доживеат проблеми со купување стоки и услуги во споредба со другите возрасни групи. Не постојат значителни разлики во однос на овој тип на прашања што се однесуваат на родот, образованието, па дури и приходите на испитаникот (иако ова се однесува само на прашањето дали лицето го искусило проблемот, а не дали презело мерки за негово решавање).

## ii. Работни односи

Од вкупниот број на испитаници што одговориле дека се или биле вработени во изминатите три години (1.371), вклучително и оние што работеле без договор за вработување, 28,32% (373) изјавиле дека доживеале барем еден правен проблем поврзан со работните односи. Повеќе од 1/3 од нив пријавиле повеќе од еден проблем. Тоа значи дека секој четврти вработен се соочува со правен проблем поврзан со работните односи. Што се однесува до видот на проблемот, најголемиот дел од прашањата со работните односи се поврзани или со наводен незаконски престанок на работниот однос или со исплата и пресметка на плата, прекувремена работа, придонеси, плаќање за отсуство, надоместок за годишен одмор итн. Овие два вида проблеми сочинуваат повеќе од половина од пријавените проблеми. Следува работењето без договор кој може да вклучува или дека работникот нема пристап до договорот за вработување или неговото вработување не е регистрирано кај надлежниот јавен орган и не се плаќаат социјални придонеси во име на работникот.

**Слика 5: Зачестеност на проблеми поврзани со работните односи (База = 948)**




Кога се разгледува родот како фактор, меѓу сите други видови проблеми (со исклучок на вознемирувањето на работното место), не постои значителна разлика. Податоците покажуваат дека жените имаат двојно поголема веројатност да бидат жртви на вознемирување, но големината на примерокот (33 лица пријавиле вознемирување) е премногу мала за да се донесат какви било заклучоци. Друг фактор поврзан со пријавувањето вознемирување е

образованието. Кај лицата со повисок степен на образование (универзитетска или магистерска диплома или повисоко) постои четири пати поголема веројатност да препознаат и пријават вознемирување. Во однос на возраста, кај помладите вработени лица (18 – 24 години) постои двојно поголема веројатност да доживеат наводен незаконски престанок на работниот однос во споредба со другите возрасни категории. Слично на тоа, распространетоста на работење без договор за вработување се намалува со возраста.

**Слика 6: Веројатност за работење без договор**




Приходите на испитаникот исто така може да бидат предвидувач за видот на проблемот. Кај лицата со ниско платени работни места постои поголема веројатност да работат без договор, да се соочат со престанок на работниот однос, со пречки во остварувањето на нивните права како вработени и особено да доживеат повреди при работа.

### iii. Имот (недвижен имот)

Од вкупниот број од 1.289 испитаници што пријавиле дека поседуваат недвижен имот, 18,99% (244) изјавиле дека доживеале барем еден правен проблем поврзан со нивниот имот. Најголем дел од пријавените проблеми се однесуваат на процесот на добивање одобренија за градба и евидентирање на имотните права во јавната евиденција (катастар). Како проблем се посочува и легализацијата на дивоизградените објекти, иако на овој наод треба претпазливо да му се пристапи, бидејќи во временската рамка на

анкетата, значителен дел од барањата и постапките за легализација беа стопирани поради истек на законскиот рок, а не поради реален правен проблем. Споровите со соседите сочинуваат ¼ од проблемите пријавени во оваа категорија. Преостанатите проблеми се присутни со помала зачестеност.

**Слика 7: Зачестеност на проблеми поврзани со имотот (недвижен имот) (База = 518)**




Во однос на социоекономските фактори, испитаниците од албанска етничка припадност пријавиле значително повеќе тешкотии во добивањето градежни дозволи и запишувањето на правата во Катастарот во споредба со другите етнички припадности. Слично на тоа, луѓето што живеат во руралните подрачја се соочуваат со предизвици со овие конкретни проблеми во поголема мера во споредба со лицата што живеат во урбаните подрачја. Постои забележлива поврзаност помеѓу проблемите со недвижниот имот и образованието. Колку е повисоко образованието, толку е помала веројатноста дека лицето ќе пријави проблеми поврзани со поседување имот.

## iv. Проблеми што ги засегаат потстанарите (закупците)

Иако големината на примерокот на испитаниците што живеат во стан под закуп е релативно мала (78) во споредба со целокупниот примерок од истражувањето, сепак дава увид во видовите правни проблеми со кои се соочуваат потстанарите. Речиси 1/3 од потстанарите одговориле дека во изминатите три години наишле на правен проблем. Проблемите најчесто се поврзани со условите во закупениот имот, немањето писмен договор и произволните промени на закупнината.

**Слика 8: Распространетост на проблеми што ги засегаат потстанарите (База = 174)**




## v. Проблеми што ги засегаат закуподавачите (сопствениците)

Повеќе од половина од испитаниците што издаваат имот (103) пријавиле правни проблеми со потстанарите. Над 90% од пријавените проблеми опфаќаат: неможност да се наплати доспеаната закупнина, неплатените сметки за комуналии од потстанарите и оштетен имот.

**Слика 9: Распространетост на проблеми поврзани со закуподавачите на станови за живеење (основа = 44)**



## vi. Дискриминација

Секој десетти од испитаниците изјавил дека во изминатите три години доживеал нееднаков третман. Од вкупниот број од 337 лица што пријавиле дискриминација, речиси 25% доживеале дискриминација во повеќе од една прилика. Мнозинството од испитаниците што доживеале дискриминација изјавиле дека политичката припадност е основа за нееднаков третман кон нив (58,29%), потоа етничката припадност со 19,67% и возраста со 9%. Поретко се пријавува дискриминација врз база на други основи. Меѓутоа, во однос на сексуалната ориентација како основа за дискриминација, податоците треба да се разгледуваат внимателно поради помалата веројатност за пријавување како резултат на општествена стигматизација.

***Табела 6: Застапеност на основи за дискриминација (База = 798)***

| Основа за дискриминација | Процент |
|---|---|
| Возраст | 9 % |
| Род | 1,66 % |
| Сексуална ориентација | 0,24 % |
| Етничка припадност | 19,67 % |
| Вероисповед | 3,55 % |
| Попреченост | 3,08 % |
| Политичка припадност | 58,29 % |
| Бременост | 1,9 % |
| Брачна состојба | 2,37 % |
| Друго: | 0,24 % |

Социодемографскиот профил на испитаникот игра одредена улога во доживувањето дискриминација. Дискриминација врз основа на возраст почесто се пријавува кај возрасните групи 55-64 и 65+. Етничката припадност е исто така фактор за некои форми на дискриминација. Етничките Албанци се соочуваат со дискриминација врз основа на политичка припадност многу почесто отколку етничките Македонци или другите етнички групи. Тие, исто така, почесто пријавуваат дискриминација врз основа на етничка припадност, иако мнозинството од испитаниците од другите етнички групи одговориле дека доживеале дискриминација врз основа на етничка припадност.

**Табела 7: % од етничките групи што пријавиле дискриминација по одредена основа**

| | Македонска | Албанска | Друга етничка припадност |
|---|---|---|---|
| Возраст | 10.34 | 8.39 | 15.38 |
| Род | 3.45 | 1.24 | 0 |
| Сексуална ориентација | 1.15 | 0 | 0 |
| Етничка припадност | 13,79 | 19.88 | 53,85 |
| Вероисповед | 2.3 | 3.42 | 15.38 |
| Попреченост | 10.34 | 1.24 | 0 |
| Политичка припадност | 49,43 | 62,73 | 7,69 |
| Бременост | 1.15 | 2.17 | 0 |
| Брачна состојба | 8.05 | 0,62 | 7,69 |
| Друго | 0 | 0,31 | 0 |

Образованието има значително влијание врз тоа дали поединецот доживеал, препознал и пријавил дискриминација врз основа на политичка припадност. Наспроти тоа, има спротивен ефект во однос на дискриминацијата по етничка припадност. Колку е повисоко образованието на испитаникот, толку е помала веројатноста да пријави дискриминација.

### vii. Пари и долгови

16,64% од испитаниците имале некаков правен проблем поврзан со пари и долг. Овие проблеми особено ги погодуваат поединците со ниски приходи и имаат директно влијание врз нивната и егзистенцијата на нивните семејства. Затоа, подобриот увид во различните видови проблеми во оваа област може да помогне да се идентификуваат конкретни мерки за олеснување на пристапот до правни лекови за оваа конкретна група проблеми. Ако ги погледнеме различните видови проблеми, најчести се последиците од задоцнето плаќање на долгот (46,55%). Предупредувањата, задоцнето плаќање на каматата, казнените глоби (за т.н. pay day/брзи кредити), реализација на залог/хипотека и отпочнувањето постапка за присилна наплата на долг пред нотарите и извршителите се примери за различните проблеми што се последица на задоцнетите плаќања.

Задоцнетите плаќања се проследени со проблеми пријавени од страна на испитаниците (29,93%) во својство на доверители. Неопходно е да се осигури дека изнајмените пари навремено се отплаќаат. Во помал процент се пријавени спорови со скриени камати, проблеми со извршните постапки, како и во случаите на жиранти за туѓ долг.

**Слика 10: Распространетост на видовите проблеми поврзани со долгови (База = 950)**




Веројатноста да доживеат проблеми поврзани со наплата на долгови е поголема кај жените, додека мажите пријавиле поголема зачестеност на проблемите поврзани со задоцнето враќање на заеми или други видови долгови. Кај возрасните групи, постарата популација се соочува со поголеми проблеми во наплатата на долгови во споредба со помладите категории. Постои значителен диспаритет меѓу македонското и албанското население - 52,09 % од испитаниците од македонската етничка група имаат проблеми со наплата на долгот во споредба со само 5,73 % кај Албанците. Спротивно на тоа, 70,61% од испитаниците Албанци пријавиле проблеми со задоцнетите плаќања наспроти само 25,08% од Македонците. Руралното население се соочува со поголеми проблеми при отплатата на долг во споредба со лицата што живеат во урбаните центри. Во однос на образованието, лицата со понизок степен на образование имаат почести проблеми со отплата на долгот, додека лицата со повисок степен на образование почесто пријавуваат спорни или погрешно пресметани каматни стапки (што укажува на тоа дека лицата со пониско образование можеби не се во состојба да го препознаат овој проблем). Сличен тренд може да се види и во однос на приходот како фактор. Колку е помал приходот на поединецот, толку е поголема веројатноста да доживее проблеми од типот на задоцнети плаќања. Се чини дека социодемографската позадина нема влијание врз распространетоста на проблемите поврзани со присилната наплата на долговите, кои се рамномерно распоредени меѓу различните категории.

### viii. Социјална заштита и друга финансиска поддршка од државата

Проблемите во оваа група, настрана од паричните бенефиции за социјална заштита, опфаќаат широк спектар на други трансфери од државниот (или локалниот) буџет на поединци. Таквите трансфери вклучуваат пензии (вклучувајќи ја и инвалидската пензија), надомест за невработеност, надоместоци од здравствено осигурување (т.е. породилно отсуство, боледување итн.) и помош за лицата со попреченост. Дополнително, поради временската рамка на оваа анкета, во прашалникот беа вклучени и субвенциите поврзани со ковид-19. Според резултатите од истражувањето, 17,89% од испитаниците (499) изјавиле дека доживеале барем еден правен проблем поврзан со оваа група проблеми.

**Слика 11: Видови проблеми поврзани со социјалната заштита и друг тип финансиска поддршка (База = 775)**




Мнозинството испитаници изјавиле дека имале „други" проблеми со социјалната помош. Во оваа категорија, најверојатно, има трансфери како земјоделски субвенции, субвенции за електрична енергија, замена на системите за греење со еколошки алтернативи, субвенции за велосипеди итн. По нив следуваат ад-хок субвенциите за ковид-19, со кои се опфатени широкиот спектар на мерки за ублажување на економските, социјалните и здравствените последици од пандемијата. Правата од социјалната заштита се на третото место на листата, со речиси 20% од сите пријавени проблеми.

Не постои значителен родов јаз во пристапот до социјална заштита и другите трансфери со единствениот исклучок кај бенефициите за здравствено осигурување. Тука, кај жените постои двојно поголема веројатност да искусат вакви проблеми. Ова може да биде резултат на фактот што жените, особено со користење платено породилно отсуство (покриено со здравственото осигурување), многу почесто ја користат оваа поволност. Позабележителна разлика постои ако ја погледнеме етничката припадност на испитаниците (види Слика 12). Албанските испитаници почесто пријавиле проблеми поврзани со социјалната заштита и надоместоците за невработеност, додека македонските испитаници пријавиле повеќе проблеми со примање пензии, помош за лица со попреченост како и други субвенции.

**Слика 12: Социјална заштита и други трансфери и етничка припадност**




## ix. Остварување на други права преку јавната управа

Оваа обемна и не многу конкретна категорија на правни проблеми групира неколку посебни прашања поврзани со остварувањето на **конкретни права** пред **органите на управата** во **управна постапка** или доколку испитаниците се предмет на **прекршочни постапки**. Правните проблеми во оваа група се многу важни бидејќи се поврзани со навременоста и ефективноста на работата на јавната администрација. Од примерокот, 13,75% од испитаниците (385) изјавиле дека доживеале барем еден проблем поврзан со оваа група. Според Слика 13, најчести проблеми се јавуваат при регистрација на раѓање, брак или смрт во соодветните матична книги, а следува нереспонзивноста

на органите на државната управа (администрација), односно состојбата кога органот на управата не донесува никакво решение или одговор во рамките на законски пропишаниот рок.

**Слика 13: Зачестеност на проблеми поврзани со управни постапки (База = 556)**




### x. Повреди и здравствени проблеми

Оваа група проблеми ги опфаќа различните ситуации во кои луѓето можат да се најдат доколку доживеат повреда или други здравствени проблеми. Иако на прв поглед овие проблеми можеби не изгледаат како правни, сите тие се втемелени во законите како специфични права и постојат различни правни патишта за нивно решавање. 22,04% од испитаниците изјавиле *дека* доживееле најмалку еден проблем поврзан со повреда или здравјето. 34% од испитаниците што пријавиле правни проблеми пријавиле проблеми поврзани со здравје и повреди. Најчестите проблеми вклучуваат повреда на правата на пациентите, недостаток на соодветна здравствена заштита, како и лекарска грешка.

**Слика 14: Распространетост (преваленца) на здравствени и проблеми поврзани со повреди (База = 1,168)**




Младите луѓе почесто се соочуваат со повреди од сообраќајна незгоди во споредба со другите возрасни групи, додека спротивно на тоа, постарите групи се соочуваат со проблеми со нивните права како пациенти.

## xi. Брачни и други проблеми со партнерите

2,41% од вкупниот број испитаници што пријавиле дека се во брак или живееле со партнер во изминатите три години (1,493) пријавиле дека доживеале барем еден правен проблем поврзан со бракот или партнерството. Овој, релативно мал број на проблеми, во споредба со другите категории е до одреден степен неочекуван, бидејќи во сите клучни извештаи за видовите проблеми за кои е обезбедена правна помош, овој тип проблеми обично е меѓу првите три. Има две причини за ова. Прво, испитаниците можеби се двоумат дали да споделат информации за проблемите што се дел од нивниот приватен живот во ваков тип анкета. Второ, може да покаже дека и покрај тоа што за одредени прашања постои голема побарувачка за правна помош, тоа не мора да значи дека овој проблем е многу распространет кај општата полнолетна популација. Ова, се разбира, го покренува важното прашање за балансот при адресирањето на, од една страна, чести проблеми, а, од друга страна, сериозни проблеми.
Ако ги погледнеме различните типови пријавени проблеми, најчести се разводот (или разделба при вонбрачна заедница), проследено со поделба на брачниот имот како резултат на развод, насилничко или понижувачко

однесување од партнерот било пријавено во 19,30% од пријавените случаи. Осврнувајќи се на примерокот од општата анкета, бројот на пријавени случаи на насилство од брачен другар или партнер може да биде низок и незначаен, но тоа во никој случај не треба да резултира со извлекување заклучоци дека распространетоста на семејното насилство може да се занемари. Како што е наведено во делот за методологијата, анкетите за виктимизација се поадекватни за мерење на појавата на семејно насилство. Ограничената големина на примерокот оневозможува и анализа на социодемографиските карактеристики на овој тип проблеми.

**Слика 15: Видови брачни/партнерски проблеми (База = 85)**




## xii. Други семејни проблеми

5,25% од испитаниците (147) изјавиле дека доживеале други правни проблеми поврзани со семејството. Во рамките на оваа група се проблемите во врска со смртта на близок роднина (спорови поврзани со наследство, неплатени сметки итн.), злоупотреба или запоставување на постарите членови на семејството, како и интервенција на државата во семејни работи (преку ангажирање на социјалните служби). Огромното мнозинство на проблеми во овој дел се поврзани со правни проблеми предизвикани од смртта на членовите на семејството. Проблемите може да вклучуваат спорови поврзани со наследството, оспорување подароци дадени пред смртта, законско признавање на тестаментите итн. Другите две поткатегории се помалку присутни.

**Слика 16: Видови други семејни проблеми (База = 162)**




## xiii. Проблеми поврзани со децата

Испитаниците што пријавиле дека имаат деца под 18-годишна возраст во изминатите три години (762 од 2.800 испитаници во примерокот) беа прашани дали доживеале одреден број конкретни правни проблеми поврзани со децата. Од оваа група, 3,94% (30 испитаници) изјавиле дека се соочиле со најмалку еден проблем. Евидентирани се вкупно 86 проблеми поврзани со децата. Од пријавените проблеми, најчести се инцидентите поврзани со безбедноста на децата. По нив следува или неплаќање или задоцнето плаќање на издршката на детето (алиментација) од родител и спорови поврзани со старателството.

**Слика 17: Видови проблеми поврзани со деца (База = 86)**



## xiv. Закон и ред

Категоријата закон и ред повлекува неколку различни видови правни проблеми во кои обвинетиот бил жртва (или оштетена страна) и чие решавање е во рамките на органите на прогонот (полицијата и јавното обвинителство), како и судовите. Речиси 10% од испитаниците изјавиле дека доживеале барем еден од проблемите во оваа група. Од вкупниот број проблеми, над 40% се поврзани со несоодветно постапување од страна на полициски службеник – вербално и физички. 23,43% изјавиле дека биле жртви на клевета и навреда, јавно или онлајн, додека по нив следуваат 18,57% кои се изјасниле дека се соочиле со повреда на приватноста и личните податоци.

**Слика 18: Видови проблеми поврзани со законот и редот (База = 428)**




Постои значителен родов јаз меѓу испитаниците што пријавиле дека имаат проблеми поврзани со законот и редот. Кај испитаниците од машки род постои поголема веројатност да бидат жртви на несоодветен третман од страна на полицијата, додека оние од женски род имаат двојно поголема веројатност да бидат жртви на клевета и навреда, како и повреда на приватноста и личните податоци.

Албанците и другите етникуми пријавиле поголема распространетост (преваленца) на случаи кога им бил забранет излез од националните граници, како и несоодветен третман од страна на полицијата. Испитаниците Албанци пријавиле значајно помалку случаи на клевета и навреда, како и повреда на приватноста и личните податоци, во споредба со Македонците и

другите етнички групи. Образованието, исто така, се чини дека игра улога во пријавувањето на полициско малтретирање, бидејќи кај лицата со повисоко завршено образование постои поголема веројатност да идентификуваат и пријават случај на малтретирање од страна на полицијата. Приходите се важен фактор во предвидувањето дали лицето ќе наиде на непостапување од страна на властите да ги истражат и гонат кривичните дела во кои испитаниците биле жртви.

# Дел 2: ПАТИШТА ДО ПРАВДАТА – МНОШТВО ПАТЕКИ

## 2.1 Општи информации за проблемите

Податоците прибрани во првиот дел од анкетата (скрининг) дадоа одговор на прашањето – „Дали сте доживеале некој од овие проблеми во изминатите 3 години?". Во зависност од природата на проблемот, испитаниците можеа да изберат повеќе од еден проблем. Две третини од испитаниците (66%) пријавиле повеќе од еден проблем. Во просек, луѓето за тригодишниот период се соочиле со 4,6 правни проблеми. Во овој дел, студијата се фокусира на еден од проблемите со цел да се **мапираат моделите на однесување при решавање/барање решение на проблемот, како и да се идентификуваат пречките во пристапот до правни услуги и процеси (т.е. несоодветно обезбедување услуги, недостаток на достапна правна помош, нереспонзивност кај институциите итн.).**

Прашалникот вклучи прашање за идентификување на претпоследно искусениот правен проблем. Причината за изборот на претпоследниот проблем е да се избегнат најнеодамнешните проблеми што можеби се случиле непосредно пред интервјуто и оттука постои поголема веројатност да бидат нерешени. Од перспектива на податоците, овој пристап значи дека **секој од 1848 лица што пријавиле проблем се фокусирал на еден од овие проблеми**. Слика 19 ја претставува распределбата на проблемите пријавени по вид на проблем.

**Слика 19: Дистрибуција на проблеми пријавени по вид на проблем во % (База = 1,848)**




## i. Спротивната страна

Следно важно прашање беше да се идентификува кој е на другата страна на проблемот. Кој бил субјектот со кој испитаникот се соочил со спор од правна природа? Идентификацијата на спротивната страна е релевантна за проценка на однесувањето за решавање на проблемот. Важно е да се процени до кој степен видот, моќта и карактеристиките на спротивставените страни влијаат на преземените дејствија (или нивно непреземање) за да се идентификува дали постои поврзаност помеѓу овие две променливи. Како што може да се види од Слика 20, 46% од испитаниците изјавиле дека **државните институции** (кои ги опфаќаат министерствата, агенциите, дирекциите, јавните институции, јавните претпријатија и другите субјекти со јавни овластувања) се доминантна спротивна страна на пријавените проблеми. По државните институции следуваат **компаниите или други субјекти во приватна сопственост** (т.е. давателите на комунални услуги, трговците на мало, индустриите) со 24%. Неповрзаните лица (т.е. лица со кои испитаникот има некаков спор) беа застапени со 9%. Преостанатите субјекти, работодавачите, членовите на семејството/партнерите, соседите се застапени со помала зачестеност.

**Слика 20: Распределба на различни типови спротивставени страни**




## ii. Статус на проблемот

Вториот елемент беше моменталниот статус на проблемот, дали завршил или сѐ уште е во тек (без разлика дали испитаникот презел акција за да го реши или не). Дополнително, во случаите кога проблемот беше разрешен, важно беше да се идентификува дали е целосно разрешен или само еден негов дел. Според податоците, речиси 60% од пријавените проблеми се пријавени како завршени, додека 40% се тековни. Од проблемите што беа пријавени како готови, над 81,6% биле целосно решени, додека 18,4 % се само делумно решени.

**Табела 8: Статус на проблемот**

| **Каков е моменталниот статус на проблемот** | | |
|---|---|---|
| Статус | Број | Процент |
| Во тек | 663 | 40.7 |
| Завршен | 965 | 59.3 |
| Вкупно | 1627 | 100,0 |
| **Ако проблемот е завршен, каков беше исходот?** | | |
| Проблемот е целосно разрешен | 787 | 81.6 |
| Дел од проблемот е решен | 178 | 18.4 |
| Вкупно | 965 | 100,0 |

### iii. Ковид-19 и правните проблеми

Со оглед на тоа што периодот што е предмет на оваа студија во голема мера се совпадна со светската пандемија предизвикана од вирусот на ковид- 19, која предизвика значителни здравствени, социјални и економски кризи, истражувачкиот тим сметаше дека е неопходно да се процени дали тоа имало влијание и врз правните проблеми. Од испитаниците беше побарано да одговорат дали проблемот настанал како директен резултат на ковид-19. Само ограничен број (14,6%) од испитаниците се изјасниле дека нивниот проблем е предизвикан од пандемијата, додека 8,7% не се сигурни. Над ¾ одговориле дека проблемот не е предизвикан од пандемијата.

**Слика 21: Дали правните проблеми беа предизвикани од пандемијата на ковид-19? (База = 1,627)**




Иако на прв поглед влијанието на пандемијата врз правните проблеми не изгледа толку значајно како што се очекуваше, може да се добие друга перспектива ако го анализираме овој одговор во рамките на различните видови правни проблеми. Како што може да се види од Слика 21, имаше значителна разлика во влијанието на пандемијата врз различните видови правни проблеми. Речиси половина од пријавените проблеми поврзани со долг и пари (45,74%) и со закуп (44,44%) се предизвикани од ефектите на пандемијата. Една четвртина од проблемите поврзани со вработувањето се пријавени како резултат на пандемијата.

**Слика 21: Ковид-19 и видови правни проблеми (процент)**




# 2.2 Преглед на користените патеки до правдата

### i. Што прават луѓето кога се соочуваат со правен проблем?

Понатаму, студијата ги разгледува активностите што луѓето ги презеле за да ги решат своите правни проблеми. **Повеќето луѓе од Северна Македонија презеле нешто за да ги решат своите правни проблеми. Сепак, гледаме дека 19% рекле дека не презеле ништо за да го решат својот проблем.** Подолу, во делот 2.3, подлабоко ќе навлеземе во причините за неактивноста.

Во голема мера, **најчесто користениот „пат до правдата" е да се контактира со другата страна во спорот или проблемот**. Во 63% од случаите, испитаниците што имале проблем рекле дека оствариле контакт со другата страна во обид да го решат проблемот. Другите стратегии се користат значително поретко. Околу 20% побарале **информации од некој во нивното опкружување (пријател или роднина), 11% побарале информации од адвокат, додека во 8,69% од случаите, испитаниците поднеле жалба или претставка до надлежните органи**. Изненадувачки низок процент - околу 5,31% од сите луѓе со проблеми – се изјаснија дека пребарувале на интернет за информации за ова прашање. Ако го погледнеме редоследот на преземање на различните дејства, најчесто првото дејство што се презема е да се контактира со другата страна, потоа да се побараат информации и поддршка од пријател или роднина, а дури потоа да се побара помош од правно лице.

Одење на суд е пријавено само во 5% од случаите (83 случаи), додека Народниот правобранител како средство за решавање правни проблеми бил користен во 1,15% (19 случаи). Барањето совет или помош од друга организација (т.е. НВО) било пријавено само во незначителен број од 2,65% (44) случаи. Овој наод укажува дека работата и услугите што ги даваат невладините организации не се добро познати кај општото население.

**Слика 22: Што презеле испитаниците кога се соочиле со правен проблем?**




## ii. Дејствија преземени за решавање на проблемите и различните видови правни проблеми

Понатаму, ги разложуваме патиштата до правдата според категоријата на правниот проблем. Заради поголема прегледност, се фокусираме на шесте најчесто користени патишта до правдата и шесте најзастапени категории правни проблеми. Постои значителна разлика во стратегиите што луѓето ги применуваат за да се справат со конкретни правни проблеми. Повеќе од 80% од оние што се соочиле со проблем како потрошувачи контактирале со другата страна, некои барале информации меѓу пријателите и роднините, додека некои претпочитале да останат пасивни. Многу малку од нив го извеле проблемот до правда преку професионален или институционален пат. Сепак, **адвокатските услуги почесто се користеле кога испитаникот морал да**

**се справи со проблем поврзан со недвижен имот, повреди и долг**. Во ситуации на поплаки за остварување права во управните постапки, како и правни проблеми поврзани со здравјето, постои поголема веројатност луѓето да не преземат ништо. Властите почесто се користеле кога луѓето морале да се справат со проблеми со недвижнини или со проблеми со изнајмување.

**Слика 23: Однесувања при барање решение за проблемот и различни правни проблеми**




## iii. Социодемографските карактеристики како детерминанти на однесувањата при барање решение

Дополнителен предмет за кој е потребно подлабоко разгледување беше да се процени дали социодемографското потекло на испитаниците играло улога во тоа каков ќе биде начинот на однесување при барање решение за проблем. Се чини дека родот не е значаен предвидувач за видовите дејствија преземени за решавање на проблемот. Жените со еден процентен поен повеќе од машките испитаници (машки: 14,89%; женски: 15,95%) изјавиле дека не направиле ништо за да го решат проблемот, но оваа разлика е незначителна. Возраста е важен предиктор за неактивност. Над 30% од испитаниците во возрасната група од 18 до 24 години изјавиле дека не презеле ништо. Исто така, постои поголема веројатност за поднесување жалба или претставка до властите кај постарите возрасни групи. Етничката припадност исто така игра улога во одредувањето дали ќе се преземат мерки, со тоа што Албанците не презеле никакви активности во 38.92% од случаите споредено со само 8,35% кај македонското население. Урбаното население е поверојатно да

побара совет од пријател, член на семејството или адвокат во споредба со населението од рурални подрачја. Кај испитаниците со високо образование и поголеми приходи постои поголема веројатност да се консултираат со адвокат во споредба со преостанатата популација.

## iv. Барањето совет како пат до правдата

Советите, особено кога се дадени од адвокат, многу често играат важна улога во тоа дали проблемот ќе се реши или не. Студијата се обиде да идентификува до кој степен испитаниците бараат совет, од кого, и дали добиениот совет го сметале за корисен или не. Според податоците, совет е побаран во речиси 25% од сите пријавени случаи (496 случаи). Двата најдоминантни извора на совети беа или роднини, пријатели или колеги (219 случаи) или стручни лица адвокати (202 случаи). Видот на правниот проблем игра значајна улога во одредувањето на изворот на советот. Барањето совет од адвокат е многу поверојатно во случаите на проблеми поврзани со имот или долг во споредба со другите проблеми.

**Слика 24: Извори на совети и најчести правни проблеми**




Студијата имаше цел да идентификува дали советот се смета за корисен. Затоа, од испитаниците беше побарано да оценат дали советот им бил корисен во решавањето на правниот проблем и остварувањето на нивните права и интереси.

Слика 25: Корист од советот (База = 418)




## 2.3 Неактивност - непреземање мерки за решавање на правниот проблем

### i. Причини за неактивност

19% од испитаниците што пријавиле дека имаат правни проблеми не презеле ништо за нивно решавање. Овие испитаници ги прашавме за причините зошто не презеле дејствие за решавање на нивниот правен проблем. Кај повеќето поединци што одговориле на ова прашање, главната причина беше тоа што решавањето на проблемот би траело премногу време. Овие наоди бараат дополнително истражување, но очигледно за 37% од луѓето што не презеле ништо, клучната причина била тоа што не вредело да се преземе нешто за да се реши проблемот. Следната причина, која ја истакнаа 34% од испитаниците, е дека немало кој да им помогне во решавањето. Третата најчесто споменувана причина за непостапување е перцепцијата дека судскиот систем на Северна Македонија е неефикасен. Интересно, недостатокот на финансиски средства не се најде меѓу трите главни причини за пасивност – 18% рекле дека не презеле ништо затоа што немале доволно пари.

**Слика 26: Причини за неактивност**




## ii. Социодемографски карактеристики и неактивност

Постои мала разлика помеѓу **испитаниците од машки и женски род** кога станува збор за неактивноста. Разликата е еден процентен поен - 15,95% од испитаничките се изјасниле дека не презеле ништо за да го решат проблемот во споредба со 14,89% од испитаниците од машки род.

Сепак, видлива е позначителна разлика помеѓу подгрупите во однос на етничката припадност. 38,92 % од испитаниците Албанци изјавиле дека не презеле ништо за да го решат својот правен проблем наспроти 8,35 % од испитаниците Македонци и 6,59 од другите испитаници. Ова укажува на значителен јаз во пристапот до правда присутен меѓу двете најголеми етнички групи што живеат во земјата.

**Слика 27: Процент на различни етнички групи што пријавиле дека не презеле ништо**




Постои релативно голема разлика помеѓу урбаното и руралното население. Испитаниците што живеат во рурални подрачја пријавиле повисоки стапки на неактивност (18,54%) во споредба со нивните сограѓани (13,21%) од урбани подрачја. Овој наод е конзистентен со другите наоди што укажуваат на постоење јаз во пристапот до правда меѓу руралното и урбаното население. Во однос на возраста, образованието и приходите, податоците покажуваат постојан тренд на намалување на нивото на неактивност со зголемување на возраста, нивото на образование и приходите.

**Слика 28: Образование и зачестеност на неактивноста (во проценти)**



**Слика 29: Возраст и зачестеност на неактивноста (во проценти)**




**Слика 30: Приход и зачестеност на неактивноста (во проценти)**



# Дел 3: РЕШЕНИЕ И ИСХОДИ

## 3.1 Статус на проблемот

Исходите се однесуваат на тоа дали проблемот е решен (без разлика дали во корист или против испитаникот) или сè уште е во тек. 40% од пријавените проблеми се во тек, а речиси 60% од нив се завршени. Расчленети по вид на проблем, постојат значителни разлики помеѓу видовите на проблеми и веројатноста дека тие се завршени или се во тек.

**Слика 31: Преглед на статусот на проблемот расчленет по тип на проблем**




Според горниот приказ, ¾ од пријавените проблеми поврзани со недвижен имот и семејни прашања сè уште не се решени. Ова може да биде резултат на конкретната природа на овие проблеми, кои бараат или подолги судски постапки за нивно решавање или сложените лични односи што го комплицираат нивното решавање. Ниските нивоа на разрешница се очигледни кога проблемот е поврзан со законот и редот (да се биде жртва на кривично дело, повреда на лични податоци и приватност, малтретирање од полицијата итн.). Од друга страна, проблемите поврзани со правата на потрошувачите, вработувањето и изнајмувањето во голема мера се пријавени како решени.

Социодемографските карактеристики играат одредена улога во одредувањето дали проблемот е завршен или не. Понатаму, возраста исто така игра улога во тоа дали проблемите се решени или не, при што помладите возрасни групи пријавуваат поголема стапка на разрешница во споредба со постарите групи. Разлика има и кај македонската и албанската етничка група, при што застапеноста на завршените проблеми е многу поголема кај испитаниците Албанци (83,82%) во споредба со Македонците (51,1%) или кај испитаниците од другите етнички групи (53,95%). Покрај тоа, постои разлика меѓу различните групи според приходи. Колку е поголем приходот, толку е поголема веројатноста дека проблемот е решен.

Може да се направи вкрстување на статусот на проблемот со различните дејствија преземени од лицата што доживеале правни проблеми. Оваа споредба може да овозможи проценка на делотворноста на различните стратегии во решавањето на проблемот. Меѓутоа, при анализата на сликата подолу, треба да се земат предвид малите примероци на некои од стратегиите (на пр. одење кај Народниот правобранител и барање информации на интернет). Ако ги отстраниме овие две како нетипични вредности, јасно е дека барањето совет, особено од адвокатите, како и од други извори, може да резултира со поголема шанса за решавање на проблемот. Од друга страна, постои многу помала веројатност најчесто користената стратегија (контакт со другата страна) да доведе до решавање на проблемот. Овој податок покажува колку е важно барањето совет како стратегија за решавање на правните проблеми.

**Слика 32: Споредба на употребените стратегии и статусот на проблемите**



## 3.2 Задоволство од исходот

Следно, на испитаниците што се изјасниле дека нивниот правен проблем е завршен им поставивме неколку прашања во врска со нивното задоволство од решението, како и нивната перцепција за целокупната праведност и навременост на решавањето на проблемот. Според Слика 33, повеќе од половина од испитаниците се изјасниле дека се задоволни (или многу или донекаде) од исходот на проблемот. Ова упатува на заклучок дека во над 1/3 од анкетираните случаи (35,8%) исходот бил во корист на испитаникот, односно неговите права и интерес биле уредно остварени и заштитени. Приближно, 24,1% се делумно задоволни од исходот. Незадоволни од исходот се 36,3%, од кои 12,7% се донекаде незадоволни, додека преоостанатите 23,6% се многу незадоволни од исходот. Заклучокот од ова е дека личните искуства од доживувањето и разрешницата на правните проблеми беа изненадувачки позитивни, имајќи ја предвид севкупната недоверба во судскиот систем во земјата (прикажана во следниот дел од извештајот).

**Слика 33: Ниво на задоволство од исходот (База = 965)**




Постои убедлива перцепција кај испитаниците за нивото на задоволство на другата страна дека другата страна е позадоволна од исходот.

**Слика 34: Перцепција на нивото на задоволство на другата страна од исходот (База = 965)**




Може да се забележат и интересни наоди поврзани со перцепцијата за праведноста на исходот. Перцепираниот став кај повеќе од половина од испитаниците е дека исходот бил праведен, при што 32,9 % сметаат дека исходот бил многу фер.

**Слика 35: Перцепција за праведност на исходот (База = 965)**




Другиот измерен елемент беше перцепцијата на времето потребно за решавање на правниот проблем. И овде податоците покажуваат дека релативното мнозинство, една третина од испитаниците сметале дека

времетраењето потребно за решавање на проблемот е долго колку што би се очекувало. Една четвртина одговориле дека им требало помалку време од очекуваното, додека 22,3% - подолго од очекуваното.

**Слика 36: Перцепција на навременоста на разрешницата (База = 965)**



# Дел 4: ВЛИЈАНИЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Со цел да се оцени влијанието на правните проблеми врз животот на луѓето што се соочуваат со нив, од испитаниците беше побарано да го проценат ефектот на скала од 1 до 5, при што 1 значи „немаше никаков ефект“, а 5 значи „имаше значителен ефект“. Беа оценети три елементи. Стресот предизвикан кај испитаникот, финансиското оптоварување и претрпената штета врз живеењето. Влијанието беше оценето во корелација со социодемографските карактеристики и видот на доживеаниот правен проблем. Наодите од самооценувањето се прикажани на Слика 37.

**Слика 37: Самопријавено ниво на влијание на проблемот во три категории (стрес, финансиско влијание и претрпена штета на Ликертова скала (1 немаше ефект – 5 значителен ефект), (База = 1,627)**



## 4.1 Стрес

Над 50% од подобните испитаници (испитаниците што се соочиле со правен проблем) се изјасниле дека проблемот им предизвикал сериозен стрес. Неизвесноста на исходот, потенцијалното штетно влијание на проблемот и времето и напорот вложен во решавањето на проблемот се само фактори што придонесуваат за ова високо ниво на стрес. Затоа, правните проблеми не треба да се гледаат само во потесна смисла, стриктно како проблеми што можат да се решат со правни средства, туку како пошироки општествени појави што имаат значително влијание врз квалитетот на живеење на луѓето. Со цел да се идентификува кои видови правни проблеми предизвикуваат поголемо ниво на стрес, направивме вкрстување на средната вредност на доживеаниот стрес со конкретните видови правни проблеми. Според ова, најстресни доживеани правни проблеми[34] се брачните и партнерските спорови, дискриминацијата, проблемите поврзани со редот и законот, други семејни проблеми и проблеми поврзани со долгови. Од друга страна, проблемите поврзани со правата на потрошувачите, иако најчести, не предизвикуваат стрес во споредба со другите правни проблеми.

**Слика 38: Ниво на стрес и категории на правни проблеми**




Ако ги погледнеме социодемографските карактеристики, постојат мали разлики помеѓу средната вредност на влијанието на стресот што го доживуваат мажите (3,65) во споредба со жените (3,55). Разликата е повидлива меѓу различните етнички групи. Средната вредност на стресот претрпен поради правниот проблем е далеку поголема кај албанското население (4,2), во споредба со македонското (3,42) и другите етникуми (3,2). Ако се земе предвид возраста, распределбата е во форма на превртена U, при што луѓето

[34] Примерокот за корупција е премногу мал за донесување заклучоци (N = 3).

од средовечните групи (35-44 и 45-54) се изјасниле дека имаат повисоки нивоа на стрес во споредба со помладата и постарата популација. Постои мала разлика помеѓу урбаното и руралното население при што испитаниците што живеат во рурални средини пријавиле 0,2 повисока средна вредност. Проблемите, исто така, предизвикуваат поголем стрес кај поединците со пониски приходи (види Слика 41).

## 4.2 Финансиско оптоварување

Во просек, испитаниците се изјасниле дека финансиското оптоварување предизвикано од проблемот (или поради трошоци потребни за разрешница – правни и судски такси итн. или поради неможност да се заработат пари итн.) се наоѓа некаде помеѓу „парите воопшто не претставуваат проблем“ и сума на пари што „го менува животот“. За повеќе од 1/5 од испитаниците, проблемот воопшто не бил поврзан со пари и не довел до финансиско оптоварување на поединецот или неговото домаќинство.

Различните видови правни проблеми имаат различно финансиско влијание. Разбирливо е дека проблемите поврзани со долгови имаат најголемо негативно влијание врз финансиската состојба на испитаниците. Преостанатите семејни проблеми (издршка за деца, наследство итн.) и брачните проблеми (развод, поделба на брачниот имот, алиментација за поранешниот брачен другар итн.), проблемите на потстанарите, како и проблемите поврзани со редот и законот и вработувањето, исто така имаат значајна улога врз благосостојбата. Од друга страна на спектарот, дискриминацијата (иако предизвикува стрес) се чини дека не предизвикува финансиски оптоварувања, исто како и проблемите поврзани со потрошувачите и пристапот до другите права во управната постапка.

**Слика 39: Ниво на финансиски товар предизвикан од правни проблеми**




Не се сите социодемографски групи подеднакво погодени од финансиското влијание на правните проблеми. Испитаниците од машки пол пријавиле повисоко ниво на влијание во споредба со испитаниците од женски пол. Кај етничките групи, испитаниците од албанската етничка припадност пријавиле значително поголемо влијание (2,97) во споредба со оние од македонската (2,62) и од другите етнички групи (2,53). Луѓето што живеат во руралните подрачја (2,72) пријавиле повисоко ниво отколку луѓето што живеат во урбаните подрачја (2,68). За влијанието на приходот, погледнете ја Слика 41.

## 4.3 Штета и загуби

Прашањето за штетата го проценува степенот до кој проблемот влијаел врз животот на испитаникот. Мнозинството го оцени искуството на доживеана штета од средно ниво. Споровите поврзани со семејството повторно се најдоа на врвот според тоа колкава вознемиреност и негативно влијание предизвикуваат врз благосостојбата на испитаникот. По нив следуваат проблеми поврзани со законот и редот. И повторно, се смета дека најчестите видови проблеми, потрошувачките, не предизвикуваат значителна штета на животот на испитаниците.

**Слика 40: Ниво на штета предизвикана од различните правни проблеми**




Распространетоста на одредени проблеми во општата популација не влијае врз импактот на проблемот врз испитаникот. На пример, иако потрошувачките проблеми се најчести, нивното влијание врз испитаниците е мало. Многу поголема е веројатноста семејните спорови и проблеми да имаат негативно влијание врз животот на луѓето. Неопходно е да постојат ефективни и достапни услуги за да се поведе сметка дека овие проблеми се соодветно разрешени. И, конечно, населението со ниски приходи трпи многу поголемо влијание од правните проблеми што ги доживува во споредба со лицата со повисоки примања (види слика подолу). Сиромашното население е несразмерно погодено од правните проблеми за кои се потребни политики за ефикасен пристап до правда за луѓето што живеат во сиромаштија.

**Слика 41: Влијанието на проблемот расчленето по приходи**



# Дел 5: ОПШТИ СТАВОВИ И ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ

## 6.1 Ставови и социодемографски карактеристики

Од сите испитаници (2.800) беше побарано на петстепена Ликертова скала да оценат до кој степен се согласуваат со пет изјави поврзани со правосудниот систем во Северна Македонија. Нивото на согласување/несогласување со изјавите дава увид во довербата/сигурноста на испитаниците во однос на праведноста на правосудниот систем, улогата на судовите во заштитата и спроведувањето на правата и трошоците на постапката како потенцијална пречка во пристапот до правдата. Фреквенциите на согласувањето, односно несогласувањето со секоја изјава за правосудниот систем е прикажана на Слика 42.

**Слика 42: Ставови за правосудниот систем во Северна Македонија**



Како што може да се види од графиконот, над 2/3 од испитаниците (68,5%) не се согласуваат (или целосно или донекаде) дека законите и правосудниот систем во Северна Македонија се праведни и правични. Само 16,8 % од испитаниците сметаат дека системот е праведен, иако процентот на испитаници што целосно се согласуваат е многу низок (3,2 %). Слични резултати има и доколку испитаникот е прашан дали во хипотетичката ситуација смета дека би добил правично судење во судска постапка. Единствената разлика е поврзана со бројот на испитаници што одговориле дека ниту се согласуваат ниту не се согласуваат, кој е поголем кога на испитаниците им се поставуваат прашања за хипотетички ситуации што опишуваат контакт со судскиот систем. Овие бројки укажуваат на севкупното негативно расположение и недоверба кон правосудниот систем меѓу општата популација. Меѓутоа, и покрај ова, сè уште 1/3 од испитаниците ги гледаат судовите како важен механизам за обичните луѓе да ги остварат своите права. Она што загрижува е дека во перцепциите на испитаниците, приходите и општествениот статус играат значајна улога во одредувањето на тоа дали правдата е достапна. Над 70% од испитаниците сметаат дека судскиот систем во Северна Македонија подобро функционира за богатите отколку за сиромашните, а над 66% сметаат дека трошоците претставуваат товар во пристапот до правдата. Добиените податоци до одреден степен ги потврдуваат претходните студии за јавното мислење за правосудството.

Оценувањето на влијанието на социодемографските фактори врз ставовите беше направено со помош на вкрстување на податоците помеѓу конкретната социодемографска група и средната вредност на нивото на согласување (со исказите).

**Табела 9: Социодемографски карактеристики и ставови**

| | Законите и правосудниот систем во македонското општество се во суштина и главно праведни и правични | Ако некогаш се појавам како странка во судска постапка, ќе добијам правично судење |
|---|---|---|
| **Род** | | |
| машки | 4.02 | 3.9 |
| женски | 3.9 | 3,78 |
| **Етничка припадност** | | |
| македонска | 4 | 3,86 |
| албанска | 3,85 | 3,77 |
| друго | 3,78 | 3.82 |
| **Возраст** | | |
| 18-24 | 3,85 | 3,67 |
| 25-34 | 4 | 3.91 |
| 35-44 | 4.03 | 3.9 |
| 45-54 | 3,98 | 3,83 |
| 55-64 | 3.91 | 3,79 |
| 65+ | 3,93 | 3,86 |
| **Локација** | | |
| урбана | 3,98 | 3,84 |
| рурална | 3,92 | 3,84 |
| **Образование** | | |
| основно | 3,96 | 3,88 |
| средно | 4.05 | 3.91 |
| високо | 3,97 | 3.9 |
| додипломски | 3.46 | 3.38 |
| постдипломски | 4.13 | 4 |
| **Приходи** | | |
| под 10 илјади | 4.18 | 4.08 |
| 10-20 илјади | 4.04 | 3,96 |
| 20-30 илјади | 3,92 | 3.82 |
| 30-40 илјади | 3.91 | 3.8 |
| 40-50 илјади | 3,93 | 3.81 |
| 50-60 илјади | 3,85 | 3,76 |
| **повеќе од 60 илјади** | 3,97 | 3,78 |

Родот е скромен фактор во одредувањето на ставовите кон правосудниот систем. Испитаниците од машки пол пријавиле малку повисок степен на недоверба во споредба со испитаниците од женски пол. Етничката припадност, од друга страна, особено кога станува збор за општите ставови, игра значителна улога кај македонските испитаници, кои пријавиле повисок степен на недоверба во споредба со другите етникуми. Испитаниците со пониски приходи пријавиле повисоки нивоа на недоверба.

## 6.2 Мислења и искуство со правни проблеми

Ја разгледавме и потенцијалната врска помеѓу искуството со правни проблеми и ставовите кон правосудниот систем воопшто. Сакавме да идентификуваме дали фактот дека поединецот доживеал правни проблеми одиграл улога во одредувањето на неговиот/нејзиниот однос кон правосудниот систем.

**Слика 43: Споредба на ставовите кон правосудниот систем (N=2.800)**




Соочувањето со правен проблем се чини дека е силен фактор за ставовите дали законите и правосудниот систем во македонското општество ќе се сметаат за, во суштина и главно, праведни и правични. Како што може да се види од Слика 43, постои поголема веројатност луѓето што не доживеале правен проблем во изминатите три години да се согласат со изјавата дека законите и правосудниот систем се праведни и правични. Спротивно на тоа, мнозинството од сите лица што пријавиле дека имале правни проблеми се изјасниле дека целосно не се согласуваат со изјавата. Ова покажува дека личните искуства (настрана од целокупната општествена перцепција) играат улога во одредувањето на перцепциите и мислењата за правосудниот систем. Видот на правниот проблем што го доживеал испитаникот исто така игра улога во одредувањето на ставовите.

**Слика 44: Преглед на средната оценка поделена според типот на проблемот**




Побаравме од испитаниците што не пријавиле правен проблем да ја оценат веројатноста да се добие правично решение за неколку различни хипотетички правни проблеми. Според нивните согледувања, тешко дека ќе има правично решение во случаите поврзани со медицинска небрежност, спорови за вработување, како и загадување на воздухот. Во однос на проблемите со соседите, над 1/3 одговориле дека не можат да проценат дали е веројатно или не е веројатно да се добие правично решение. Друго изненадувачко откритие е дека над 30% рекле дека ако станат жртва на семејно насилство, веројатно ќе се добие правично решение. Сепак, постои разлика помеѓу испитаниците од машки и од женски пол.

**Слика 45: Веројатност за добивање правично решение (N=983)**




## 6.3 Свесност (информираност) за Законот за бесплатна правна помош

Еден од клучните предуслови за ефективен национален систем за правна помош кој обезбедува пристап до правдата за луѓето што живеат во сиромаштија е да се осигуи дека тие се свесни за постоењето на таква можност, како и да бидат информирани за тоа каде и како можат да аплицираат за правна помош. Законот за бесплатна правна помош е клучниот закон што ги регулира критериумите, обемот и постапката за правна помош, па затоа е неопходно лицата на кои им е потребна бесплатна правна помош да бидат свесни за неговото постоење. Побаравме испитаниците во анкетата да одговорат дали се запознаени со законот, како и со критериумите за доделување правна помош. Резултатите се сумирани на Слика 46.

**Слика 46: Свесност за Законот за бесплатна правна помош (N=2.800)**




Податоците од анкетата покажуваат дека речиси 2/3 од испитаниците (65,6%) не се свесни за постоењето на Законот за бесплатна правна помош и за правата што може да ги обезбеди и ги штити. Околу 21,5% од испитаниците се свесни дека постои таков закон иако не се запознаени со деталите, додека 10% од испитаниците се запознаени со условите и постапката за стекнување правна помош. Овие наоди укажуваат на тоа дека е неопходно да се засилат напорите за унапредување на услугите што можат да се обезбедат во рамките на националниот систем за правна помош. Меѓутоа, за да се зголеми ефективноста на промоцијата, неопходно е да се разгледаат податоците расчленети според различни социодемографски групи.

**Слика 47: Свесност за Законот за бесплатна правна помош по пол**



Како што може да се види на Слика 47, постои значајна разлика во свеста за ЗБПП помеѓу испитаниците од машки и женски пол. 40,29% од машките испитаници изјавиле дека имаат барем првични информации за ЗБПП во споредба со 28,7% од женските. Ова несовпаѓање бара вклучување на родовата перспектива во секоја кампања за подигање на свеста за правната помош.

**Слика 48: Свеста за Законот за бесплатна правна помош по возраст**




Помеѓу различните возрасни категории видлива е кривата во формата на U, при што најмладите и најстарите категории известуваат за повисоки нивоа на недостаток на знаење за правната помош во споредба со средовечните групи. Бидејќи, како што е опишано во Дел 1 од овој извештај, кај помладите луѓе постои поголема веројатност да доживеат правни проблеми, активностите за подигање на свеста треба конкретно да се насочени кон оваа возрасна група. Луѓето над 65 години бараат и поголемо разбирање на средствата за комуникација да се обезбеди пристап до правна помош.

**Слика 49: Свесност за Законот за бесплатна правна помош по образование**



И образованието и приходите се поврзани со свеста за Законот за бесплатна правна помош. Колку е повисоко образованието и приходите, толку е помала веројатноста поединецот да не е запознаен со Законот за бесплатна правна помош. Луѓето од среден и повисок општествен статус имаат поголеми можности за пристап до информации, вклучително и за ЗБПП, иако тие не се примарна целна група на ЗБПП. Оваа големо несовпаѓање треба да се третира со иновативни активности за подигање на свеста насочени конкретно кон поединците и заедниците со ниски приходи.

**Слика 50: Свесност за Законот за бесплатна правна помош по приходи**




Забележлив е јаз меѓу урбаното и руралното население во однос на нивната свест за Законот за бесплатна правна помош.

**Слика 51: Свесност за Законот за бесплатна правна помош (урбано наспроти рурално население)**




Исто така, сакавме да видиме дали има постои разлика меѓу лицата што пријавиле дека имале правни проблеми во изминатите три години во споредба со лицата што немале никакви проблеми. Кај луѓето што доживеале правни проблеми постои поголема веројатност во поголема мера да бидат свесни за ЗБПП, иако ако ги сумираме позитивните одговори (поголемо и ограничено разбирање), резултатите меѓу двете групи се многу слични. Ова укажува на тоа дека дури и луѓето што имале правни проблеми не се доволно свесни за системот на правна помош и неговите можности.

**Слика 52: Свесност за Законот за бесплатна правна помош (со и без пријавен правен проблем)**



# ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ

1. **Да се направи храбар исчекор од правда ориентирана кон институциите (органо-центрична правда), кон правда ориентирана кон луѓето (човеко-центрична правда)**

Резултатите од студијата јасно укажуваат на тоа дека правните проблеми се сеприсутен дел од секојдневниот живот. Секоја година, околу 300.000 поединци во земјата се принудени да решат околу 1.450.000 правни прашања. Сепак, многу од овие проблеми не се пријавени во правните и правосудните институции, останувајќи незабележани во статистиката и проценките. Тие остануваат „слепа точка“ на правосудниот сектор. И покрај ова, жителите на Северна Македонија бараат праведни решенија за секој правен проблем. За ова е неопходно пошироко разбирање на тоа што подразбира правдата и поширока дискусија за решавање на клучните прашања како што се: Кај кого се јавуваат правните проблеми?; Како правосудниот систем постапува со проблемите што се„слепа точка“?; Како Северна Македонија води сметка да се постигне идеалот за еднаква правда за сите? Национална, човеко-центрична правосудна стратегија (ориентирана кон луѓето) би била најделотворниот начин да се одговори на овие прашања.

2. **Човеко-центричноста да се интегрира во системите за мерење и евалуација во правните и судските системи на Северна Македонија**

Околу 40% од правните проблеми остануваат без разрешница, што ја нагласува потребата за дејствување на различни нивоа. Една клучна задача е да се воведе човеко-центричен пристап (пристап ориентиран кон луѓето) за мерење и оценување на правдата во рамките на институционалните системи. Во моментов, само 6% од сериозните и тешки правни проблеми одат на суд, што значи дека судската статистика не дава увид во 94% од правните проблеми.

Покрај тоа, едноставното следење на напредокот и исходот на случајот ја дава само институционалната перспектива. За вистински да се разбере правдата онака како што ја доживуваат поединците, мора да се изработат инструменти што ги вклучуваат и корисничките и институционалните перспективи. Во моментов, податоците првенствено се собираат од административни извори, поради што е неопходно да се инвестира во системите за мерење и оценување на правдата и тие да се избалансираат со цел постојано следење и намалување на јазот во пристапот до правда.

3. **Фокус врз исходите што правдата ги остварува за поединците (и компаниите)**

Студијата укажува на значителен јаз во правдата, при што 40% од правните проблеми биле неразрешени во моментот на интервјуирањето. Од друга страна, недостасуваат информации и за преостанатите 60% од случаите означени како „завршени". Не се знае дали испитаниците можеле да го решат својот правен проблем, дали исходот бил праведен, дали добиле соодветна компензација, ниту дали се чувствувале почитувани и ценети од институциите вклучени во процесот на решавање. Покрај тоа, нејасно е дали добиле извинување или јасно објаснување за ситуацијата. Увидот во овие резултати е од клучно значење за да се бара одговорност од правните и судските системи за исполнување на потребите на нивните корисници. Потребни се дополнителни напори за да се воведат показатели фокусирани на исходот во рамките што се користат за мерење на правдата во Северна Македонија.

4. **Фокус врз најраспространетите и најитните правни проблеми**

Проблемите на потрошувачите, повредите и проблемите поврзани со здравјето, проблемите со социјалната помош и долговите се често застапени во животите на луѓето во Северна Македонија. Доколку се подобри разрешувањето на овие проблеми може многу да им се помогне на десетици илјади поединци. Еден начин да се постигне подобро решение е преку спроведување постапки ориентирани кон лицето/странката кои брзо, достапно и без дискриминација даваат праведни резултати. Друг пристап е од сам почеток да се спречи појавата на проблеми. Интегрирањето на интервенциите што ги даваат правосудните органи и оние надвор од правосудството, како и поттикнувањето на иновациите и конкуренцијата во разрешувањето на правните проблеми се други делотворни начини за намалување на празнината (јазот) во правосудството. Подолу наведуваме конкретни идеи за тоа како правдата да стане поделотворна и попристапна.

5. **Да се подобри ефикасноста на постојните механизми за решавање на проблемите на потрошувачите и да се воведат нови во согласност со најдобрите практики на ЕУ (т.е. Колективна акција за заштита на правата на потрошувачите)**

Проблемите поврзани со правата на потрошувачите се највообичаени меѓу различните правни проблеми со кои се соочува општата полнолетна популација во земјата. Најзастапен начин на разрешување е контактот (комуникацијата) со другата страна (продавачот, трговецот на мало итн.). Иако овие проблеми не предизвикуваат значителен стрес или финансиско влијание врз луѓето со кои се соочуваат, самиот факт дека се многу распространети бара темелна проценка и преглед на тоа дали сегашните механизми се делотворни (на пр. пазарните инспектори). Покрај тоа, со предлогот за новиот Закон за граѓанска постапка што е доставен до Собранието во август 2021 година се воведе законска основа за т.н. „Акција за заштита на колективните права“, која, меѓу другото, треба да се користи и за заштита на правата на потрошувачите.

6. **Да се воведе ефикасен и ефективен механизам за постапување по поплаките од пациенти за наводните прекршувања на правата на пациентите и медицинските грешки, вклучувајќи и соодветна и независна истрага на сите релевантни факти**

Пандемијата на ковид-19 имаше значително влијание врз тоа како граѓаните ги согледуваат и доживуваат правата на пациентите. Во споредба со времето пред пандемијата, кога на здравството се гледаше како на услуга што треба да се обезбеди (без никакви критериуми за квалитетот) или од јавните или од приватните здравствени установи, сега пристапот до здравствена заштита сè повеќе се доживува како право. Согласно на тоа, таквите права во случај на повреда мора да бидат соодветно заштитени од страна на независни и непристрасни трети страни. Податоците од ова истражување го поткрепуваат ова тврдење. Сегашниот модел, со таканаречените локални комисии за заштита на правата на пациентите, воопшто не е функционален. Во случај на наводна лекарска грешка, не постои експлицитна постапка за верификација (проверка) и таа е оставена на дискреционо право на надлежните од Министерството за здравство.

7. **Да се третираат ранливостите и системските пропусти**

Студијата покажува дека одредени групи луѓе се поподложни да доживеат правни проблеми или дека одредени проблеми несразмерно влијаат врз одредени групи. Овие ранливости може да се манифестираат на различни

начини, од типот на возраст, етничка припадност и живеење во рурално подрачје. За да се третира ова прашање, важно е подобро да се разбере односот помеѓу правните проблеми и факторите на ранливост. Ова знаење треба да се земе предвид во осмислувањето на мерките за спречување (превенција) и разрешување (на правни проблеми).

**8. Да се инвестира во изготвувањето на праведни, ефикасни и пристапни постапки за решавање на правните проблеми**

Најчестите начини на одговарање на правните проблеми кај луѓето во Северна Македонија се да контактираат со другата страна, да побараат совет од пријатели или членови на семејството или да не преземат ништо. Ова укажува на тоа дека луѓето во Северна Македонија често се оставени на себе во справувањето со правните проблеми и релативно малкумина ги користат постојните структурирани процеси за решавање на правните прашања. Ова претставува и предизвик и можност. Во економска смисла, ова може да се смета како побарувачка за правни решенија. Таквата побарувачка би можела да се задоволи преку различни средства, не само во јавната сфера. Претприемачите би можеле да осмислат услуги засновани на решавање спорови. Иновациите во областа на правдата веќе се покажаа како ефективно средство за зголемување на пристапот до правдата. Креативните и иновативни поединци во Северна Македонија треба да се поттикнуваат да учествуваат и да придонесуваат за подобар пристап до правдата.

**9. Да се зајакнат напорите за унапредување на примената на медијацијата и другите форми на алтернативно решавање спорови како ефективен метод за решавање на правните проблеми поврзани со долговите, вработувањето, правата на потрошувачи и имотните права**

Во изминатите неколку години се вложија значителни напори во промовирањето на медијацијата како конкретна форма за вонсудско решавање спорови. Донесен е и нов Закон за медијација, кој дава солидна правна основа за алтернативно решавање на спорови. Во догледна иднина, поголем фокус треба да се стави на промоција на медијацијата како делотворна и поевтина алтернатива на судовите. Покрај тоа, треба да се зајакнат сегашните механизми за решавање на споровите меѓу граѓаните и јавните комунални претпријатија (т.е. за струја, телефон, вода и сл.) со поголема промоција на нивно алтернативно решавање. Ваквите методи може да се сметаат за задолжителни пред да се преземе какво било правно дејство. Промоцијата

и подигањето на свеста, пред сè кај правните практичари, може да се покаже како многу корисно за справување со скептицизмот и зголемување на идниот потенцијал за упатување на АРС (алтернативно решавање спорови). Во оваа смисла, клучно е поактивното вклучување на медијаторите и нивно промовирање (меѓу другото, и преку позитивни примери) во јавноста.

**10. Да се спроведе реформа на судските и управните постапки за да ги третираат потребите на граѓаните, особено транспарентноста, непристрасноста и времетраењето на судските и управните постапки**

**Довербата на јавноста** во судството е на многу ниско ниво. Слично на тоа, ставовите кон јавната администрација (органите на државната управа) се исто така главно негативни. Недостатокот на доверба, меѓу другото, е предизвикан и од комплицираните процедури, неизвесниот исход (за неспорни прашања) и особено од недостигот на соодветно и јасно правно образложение за конкретните одлуки. Во оваа смисла, може да биде корисно да се земат превид различни примери за подобрување на работата на судството. На пример, осмислување поинаков систем за управување со предмети, чиј процес треба да ги земе предвид времетраењето, давањето приоритет, како и вклучувањето на судиите и административните службеници.

**11. Да се искористи моќта на различните интернет-канали за информации, совети и решавање**

Само 9% од испитаниците го искористиле интернетот за да го решат својот правен проблем, што е ниско ниво за земја како Северна Македонија. Сепак, интернетот претставува значителен потенцијал за обезбедување правни услуги и решавање на спорови. Веќе постојат примери на јавни и приватни услуги што го зголемуваат пристапот до правдата во Северна Македонија и во други земји. Земјата поседува доволно креативност и претприемачки потенцијал да премости значителен дел од јазот (празнината) во правдата. Она што е потребно е силно и посветено лидерство од правосудството на национално ниво. Ова лидерство може да се покаже преку стратегија (види точка 1 погоре), фокусирајќи се на најчестите и најсериозните правни проблеми (види точка 4 погоре).

### 12. Да се воспостави и да се управува со интегрирана онлајн-база на податоци кадешто сите клучни информации во врска со судските и управните постапки се јавно достапни

Политиките за пристап до правдата треба да се заснoваат на валидни и веродостојни податоци. Неопходно е да постои интегрирана онлајн-база на податоци кадешто ќе се обработуваат и објавуваат сите клучни информации во врска со судските и управните постапки. Податоците што се обработуваат треба да се фокусираат на видовите предмети, видовите странки, времетраењето, исходот и вредноста. Податоците генерирани од институциите може да содржат информации за различните видови случаи, користењето на услугите за правна помош, број на странки пред судовите и органите на управата што не се застапувани од адвокат, употребата на механизми за АРС што се поврзани со формалниот правосуден систем.

### 13. Да се воведат анкети за задоволството од давателите на правна помош, медијаторите и други механизми за АРС

Ваквиот тип анкети може да послужат како дополнување на административните податоци и да помогнат во разбирањето на степенот на правната потреба со тоа што ќе придонесат за оформувањето на сликата за демографските групи што пристапуваат до одредени правни услуги, природата на правните потреби што ги изразиле, патиштата што ги следат и исходите што ги постигнуваат. Оваа методологија се разликува од анкетите и проценките на правните потреби, бидејќи собира информации за правните потреби откако случајот веќе стигнал до одредена институција.

### 14. Да се засили промоцијата на Законот за бесплатна правна помош меѓу поединците со ниски приходи и другите маргинализирани групи

**Речиси** 2/3 од испитаниците не биле свесни за постоењето и за правата што може да ги обезбеди и заштити Законот за бесплатна правна помош. Околу 20% од испитаниците знаеле дека постои таков закон иако не биле запознаени со деталите. Нешто повеќе од 10% од испитаниците биле запознаени со критериумите и постапките. Иако се направени значителни напори за промоција, неопходно е да се продолжи со активности за подигање на свеста со користењето конкретни канали со кои ќе се осигури дека информациите стигнуваат до целните групи.

## 15. Да се зајакнат активностите за зголемување на правната писменост кај населението

Студијата покажа дека недоволното пријавување е поврзано со индивидуалните капацитети и свесноста за препознавање и идентификување на постојниот правен проблем. Во оваа смисла, треба да се поттикнат програми што им даваат поддршка на поединци, со опсег од правно образование до услуги за правна помош во заедницата кои би можеле да обезбедат индивидуално прилагодена поддршка за граѓаните. Покрај тоа, воведувањето на некои основни информации за препознавање и постапување по повреда на правата треба да биде дел од образовната програма, особено во средното образование. Ова треба да придонесе за зголемување на целокупното разбирање на правниот систем кај граѓаните, а особено познавањето на сопствените права, обврски, правни лекови и процедури за решавање на правните проблеми од страна на граѓаните. Студијата јасно идентификува дека постои сериозна потреба од зголемено знаење меѓу граѓаните со цел да се поддржи нивното правно зајакнување. Во оваа смисла, вклучувањето на наставни програми за активно граѓанство во јавното образование би било од клучно значење.

# Користена литература


- ОЕЦД/Фондации „Отворено општество“ (2019). *Анкети за правните проблеми и пристапот до правда*. OECD Publishing

- Пратенс П. (2016). Правните потреби и анкети за правните потреби – Основен документ. Open Society Justice Initiative.

- Коруновска Србијанко и сор. (2013). Правни потреби и патишта до правдата во Република Македонија. ФООМ.

- Плисенс, П., HJ Балмер и Р. Сандфур (2013). *Патишта до правдата: минат, сегашен и иден патоказ*. Фондација „Нуфилд“, Лондон.

- Ген, Х./Genn, H. (2017), *Пристап до правдата во 21 век“, труд претставен на Преобликување на правдата: Клиентоцентрична реализација на услуги*, Симпозиум за истражувања во технологијата и иновациите, 20 јуни 2017 година, Сиднеј.

- Ген, Х. и Патерсон А. (2001). *Патишта до правдата Шкотска – Што луѓето во Шкотска мислат и прават за решавање на правните проблеми*. Оксфорд.

- Плисенс, П. (2006). *Причини за акција – Граѓанското право и социјалната правда*. Второ издание. The Stationery Office, Norwich.

- Рис, Р и Елдред Ц.А (1994). *Наоди од сеопфатната анализа на правните потреби*. Американската адвокатска асоцијација. Чикаго.

- Алтрихтер, Х., А. Фелдман, П. Пош и Б. Сомек/Altrichter, H., A. Feldman, P. Posch and B. Somekh (2008), *Наставниците ја истражуваат својата работа*; Вовед во акциското истражување ширум професиите, второ издание, Роутлеџ, Лондон.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенција од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа